CRPM Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

GENDER TASK FORCE
МАКЕДОНСКО ЖЕНСКО ЛОБИ

# АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ ОД УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК СО ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Автори:
***Д-р Марија Ристеска***
***М-р Александар Цеков***

Скопје, 2019



# АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ ОД УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК СО ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Автори:

***Д-р Марија Ристеска***

***М-р Александар Цеков***

Скопје, 2019

***ИМПРЕСУМ***

За издавачот:

Центар за истражување и креирање политики и Македонско женско лоби

Автори:
д-р. Марија Ристеска и м-р Александар Цеков

Дизајн:
Армариум

Лектура:
Билјана Пепоска

*Оваа анализа е изработена во рамките на проектот „Застапување и дијалог на експертско ниво со Владата и Парламентот за измена на постоечкото законодавство во областа на родово заснованто насилство и дискриминација“, имплементиран од Македонското женско лоби во партнерство со Центарот за истражување и креирање политики, во рамките на Регионалната програма на Европската Унија и UN Women „Спречување на насилството врз жените во Западен Балкан и Турција: Имплементирање на норми – промена на ставови“.*

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е предмет на единствена одговорност на Македонското женско лоби и Центарот за истражување и креирање политики и нужно не ги одразува ставовите на Европската Унија.*



*Содржината на оваа публикација не нужно ги одразува ставовите на Телото на ОН за унапредување на родовата рамноправност и зајакнување на жените UN Women, неговиот Извршен одбор или земјите членки на Обединетите нации. Ознаките во оваа публикација не имплицираат мислење за правниот статус на која било земја или територија, нејзините органи или за ограничување на границите. Текстот не е уреден според официјалните стандарди за објавување и UN Women не прифаќа никаква одговорност за грешка*



This project is funded by the European Union


UN WOMEN

# *СОДРЖИНА*


1 Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **7**

2 Основните поими дефинирани во Истанбулската конвенција и македонското законодавство . . . . . . . . . . . . . . . . . **12**

2.1 Кон целовита политика за насилство против жените – компаративна перспектива од Западен Балкан . . . . . . . **17**

2.2 Наоди за дефинирање на основните поими утврдени со Истанбулската конвенција . . . . . . . . . . . . . . . . **19**

3 Кривичниот законик и различните форми на насилство врз жените . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **22**

3.1 Психичко и физичко насилство во Истанбулската конвенција (чл.33 и чл.35) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **23**

3.2 Сексуално насилство и силување (чл.36) . . . . . . . . . . . . **28**

3.2.1 Форми на сексуално насилство во македонското законодавство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **28**

3.2.2 Анализа на јаз меѓу македонското законодавство и Истанбулската конвенција . . . . . . . . . . . . . . . . . **32**

3.2.3 Споредбена анализа во однос на регулирањето на кривичното дело силување во законодавствата на некои од земјите од регионот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **35**

3.3 Демнење (чл.34) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **37**

3.4 Сексуално вознемирување (чл.40) . . . . . . . . . . . . . . . . . **40**

3.5 Присилни бракови (чл.37) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **42**

3.6 Осакатување на женските гениталии (чл.38) . . . . . . . . . **44**

3.7 Неприфатливо оправдување на злосторствата, вклучувајќи ги и злосторствата извршени во име на таканаречената „чест“ (чл.42) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **46**

4 Отежнувачки околности и застареност . . . . . . . . . . . . . . . **48**

5 Привремени мерки за заштита на жртвите од родово основано и семејно насилство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **50**

*Заклучоци* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **53**

6 Препораки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **55**

6.1 Инструмент за ратификација на Истанбулската конвенција . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **55**

6.2 Дефинирање на основни поими од Истанбулската конвенција . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **55**

6.3 Криминализирање на сите форми на насилство врз жени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **56**

# 1

## *Вовед*

Република Северна Македонија ја потпиша Истанбулската конвенција во 2011 година, додека ратификацијата следеше седум години подоцна. Со тоа земјата демонстрираше политичка волја да се справи со насилството врз жените. Сепак, за тоа да стане реалност, потребно е хармонизирање на домашното законодавство со заложбите на Конвенцијата. Истанбулската конвенција стапи во сила на 1 јули 2018 година, а Владата на Република Северна Македонија дополнително го усвои националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција, каде што централно се предвидени активности на промена на законодавството со цел преточување на стандардите на Конвенцијата во пракса.

**Во оваа смисла, Владата на РСМ со усвојувањето на Акцискиот план одговара на основниот услов на Конвенцијата да развие јасно дефинирани и таргетирани политики кои се справуваат со сите видови насилство кои ги уредува Конвенцијата.** Сепак последниот, шести извештај на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација на жените заклучува дека македонското законодавство не ги препознава и криминализира сите форми на родово засновано насилство врз жените и девојките во јавните и приватните сфери, вклучувајќи физичко, сексуално, психолошко и економско насилство. „Постојното законодавство коешто го регулира семејното насилство е родово неутрално и не ги препознава специфичните аспекти на семејното насилство“[1].

Заради несоодветната законска рамка, како и нерегулирањето на различните форми на родово засновано насилство, недостасува сеопфатен систем за собирање податоци во врска со различни форми на родово засновано насилство врз жените и девојките, вклучувајќи и

[1] Шести периодичен извештај на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, Заклучни забелешки, 2018 година достапни на интернет: *https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW/C/MKD/CO/6&Lang=En*

информации за односот на сторителот со жртвата. Така, постои сериозен предизвик да се следи високата распространетост на родовото заснованото насилство врз жените и девојките во земјата. Последната студија направена во 2019 година од страна на ОБСЕ мисијата во Скопје детектира висока распространетост на насилството врз жените во државава. Особено распострането, според студијата, е психичкото насилство врз жените од страна на нивните интимни партнери, имајќи предвид дека 44% од испитаничките изјавиле дека биле жртви на ваков вид насилство. Во однос на сексуалното вознемирување, дури 30% од испитаничките рекле дека по петнаесеттата година биле жртви и на ваков вид насилство[2]. Понатаму, според наодите од студијата, 14% од анкетираните жени во рамките на истражувањето изјавиле дека по навршувањето на 15 години, искусиле некоја форма на физичко или сексуално насилство од страна на партнер или друго лице[3].

Граѓанските организации од државава, повикувајќи се на нивни искуства и податоци, укажуваат и на големиот број убиства на жени (фемициди)[4]. Впрочем, фемицидите, како најекстремната манифестација на машкото насилство врз жените на глобално ниво, се препознаени како една од водечките причини за прерана смрт кај жените[5]. Во Република Северна Македонија фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело во Кривичниот законик и се третира како секое друго убиство. Семејното насилство или насилството на интимен партнер коешто му претходело на делото се земаат како отежнувачки околности[6].

Во согласност со второто поглавје на Конвенцијата, кое го поставува главното барање за холистички пристап кон насилството врз жените, освен широките, сеопфатни, ефективни и координирани политики, да се воспостават и институционални, финансиски и организациски структури. Оттука, освен измени на законската рамка, потребно е градење на капацитетите на институциите (број на засолништа што се на располагање и достапност на центрите за упатување за жрт-

2 Достапна во електронска верзија на https://www.osce.org/secretariat/419264?download=true

3 ibid

4 http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf

5 http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf

6 ibid

ви на сексуално насилство) и вработените во нив да имаат знаење и вештини за родово сензитивно да постапуваат во постапката, како и механизми за следење на спроведувањето на постапките.

Оваа анализа го идентификува јазот меѓу постојната законска рамка и Истанбулската конвенција, со посебен осврт на потребата од ревизија на Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Со оглед на тоа што членот 6 на Конвенцијата ги обврзува државите потписнички да обезбедат вклучување на родовата перспектива во дизајнирањето мерки, нивната имплементација, како и евалуацијата на нивното влијание и ги обврзува да промовираат мерки и да имплементираат политики кои имаат цел да унапредат родова еднаквост и да ги зајакнат жените[7], оваа анализа е правена од родова перспектива во согласност со Член 6 (параграфи 61-62).

Анализата е направена земајќи предвид дека земјата има изразено резерва на 5 члена. Резервата на примената на член 55[8] параграф 1 во однос на член 35 (физичко насилство)[9] додека не се усогласи Законот за прекршоци без притоа физичкото насилство да биде инкриминирано во Кривичниот законик, авторите на анализата сметаат дека ја прави имплементацијата на Конвенцијата во земјата невозможна. Ова не е случај со резервата на членот 44[10], каде што држ авата го резервирала правото да ги аплицира правилата и барањата поставени во Поглавје 12 од Кривичниот законик.

Истовремено, а со оглед на стратешката цел на земјата да стане членка на Европската Унија, анализата го вградува европското законодавство кое се однесува на насилството врз жените. Со оглед на

[7] Објаснувачки извештај за Истанбулската конвенција, достапен на https://rm.coe.int/16800d383a

[8] Член 55 (постапки ex parte и ex officio) Страните обезбедуваат дека истрагите или гонењето за кривични утврдени во согласност со членовите 35,36,37,38 и 39 од оваа Конвенција, нема да зависат целосно од пријава или тужба поднесена од жртвата ако кривичното дело било извршено целосно или делумно на нивна територија и постапките да може да продолжат дури и ако жртвата ја повлекла својата изјава или пријава.

[9] Член 35 (физичко насилство) Страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека намерното извршување на дела на физичко насилство врз друго лице се инкриминира.

[10] Член 44 (надлежност) параграф 3 „Заради гонење за кривичните дела утврдени во согласност со членовите 36,37,38 и 39 од оваа Конвенција, Страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека нивната надлежност не е подредена на условот актите да бидат инкриминирани на територијата каде што биле извршени“.

фактот што насилството врз жените се појавува на агендата на ЕУ некаде во средината на деведесеттите, со усвојување на Договорите од Мастрихт и Амстердам[11], кои ги зајакнаа европските институции и ставија повеќе акцент на основните човекови права, обемот на релевантно европско законодавство со кое македонското треба да се усогласи не е голем[12]. И во однос на приближувањето на законодавството, анализата посебен осврт става на обврските за воведување на заеднички одредби во кривичното законодавство[13] и обврските за соработка во кривични прашања, што се смета за основа за развој на правни инструменти за борба против насилство врз жените[14].

Анализата е основана врз примарни и секундарни податоци. Примарните податоци се добиени по пат на интервјуа и квалитативно истражување на перцепции со употреба на методот на дискусија во фокус-групи со релевантни чинители и засегнати страни. Секундарните податоци се добиени преку кабинетско истражување. Во рамките на кабинетското истражување беше користен методот на квалитативна анализа на содржина и на текст, со чија помош го анализиравме текстот на Истанбулската конвенција и релевантните одредби од Кривичниот законик за да се утврди степенот на (не)усогласеност и барањата коишто треба да се имплементираат. Исто така, во рамките на овој дел од истражувањето беа анализирани и голем број секундарни извори на информации, коишто вклучуваат претходни анализи на законодавството, а поврзани со имплементација на Истанбулската конвенција во С. Македонија, извештаи од домашни и меѓународни организации, како и мислења и анализи од домашни и меѓународни експерти во областа. Притоа направена е правна анализа на Кривичниот законик и анализа на јазот меѓу овој правен акт, Истанбулската конвенција и директивите на ЕУ релевантни за насилство врз жените.

[11] Договорот за Европската Унија од Мастрихт во членот 2 го утврдува почитувањето на родовата еднаквост, со што се создава политички простор и за прашањата врзани со насилство врз жените. Ова е зајакнато со Декларацијата 19 на членот 8 од Договорот за функционирањето на Европската Унија од Рим, со која земјите членки се обврзаа да ја искоренат нееднаквоста меѓу мажите и жените.

[12] Директива 2011/36/ЕУ за превенција и борба против трговија со луѓе и заштита на жртви од трговија со луѓе; Директива 2012/29/ЕУ за заедничките минимум стандарди на правата, поддршката и заштитата на жртвите; Директива 2011/99/ЕУ за Европската наредба за заштита која вклучува и заштита на жртви од насилство врз жени; Директива 2011/99/ЕУ, Регулатива (ЕУ) бр. 606/2013 на заедничко признавање на заштитните мерки за граѓански работи кои опфаќаат и мерки за заштита на жртви од насилство врз жени

[13] Утврдени со Лисабонскиот договор

[14] Поглавје 4 од Договорот за функционирањето на Европската Унија

Теренското истражување и прибирање примарни извори на податоци се одвиваше преку организирање на две фокус-групи и една стручна дебата во две сесии. Првата фокус-група беше со граѓански организации коишто нудат услуги на жртви на семејно насилство, како и жртви на семејно насилство со цел да се утврдат проблемите и предизвиците со коишто се соочуваат овие чинители и засегнати страни во остварување на нивните права. Втората дискусија во фокус-групите беше составена од адвокати коишто застапуваат жртви на семејно насилство кои ги идентификуваа предизвиците во судската процедура при заштита на жртвите. Третата дискусија беше организирана во две сесии, а акцентот беше ставен на измените и дополнувањата на Кривичниот законик со цел негова усогласеност со барањата во одредбите на Истанбулската конвенција. Во овие дискусии учествуваа судии, обвинители, адвокати и универзитетски професори коишто дадоа свое видување за она што и како треба да се измени во Кривичниот законик за да се обезбеди подобра и поправична заштита на жртвите од родово засновано и семејно насилство.

# 2

## *Основните поими дефинирани во Истанбулската конвенција и македонското законодавство*

Истанбулската конвенција дефинира неколку клучни поими на кои се заснова актот: насилство врз жени, домашно насилство, род, родово засновано насилство, жртва и жени. Со цел да се развие и да се разработи соодветна стратегија за спроведување на одредбите од Истанбулската конвенција во С. Македонија, потребно е да се процени начинот на којшто ќе се регулираат основните поими и концепти кои ги дефинира таа.

Прашањето на насилство врз жени беше регулирано врз основа на различни закони и подзаконски акти, особено во рамките на Законот за семејството, додека домашното насилство досега македонското законодавство го регулираше со посебен акт во Законот за спречување и заштита од семејно насилство (ЗСЗСН)[15] усвоен во 2014 година. Овој закон ги препознаваше и поимите род и родово засновано насилство, но покрај дефинирањето, не се користеше со нив.

Домашното (семејно) насилство на почетокот беше дефинирано како насилство во семејни и брачни односи, а потоа беше елаборирано во целовита политичка и првна рамка која ја сочинува Националната стратегија за превенција од домашно насилство[16] која има цел да воспостави ефективен систем на заштита и превенција од домашно насилство и Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[17] со кој се предвиде криминализирање на домашното насилство и постави

[15] Законот за спречување и заштита од семејно насилство (ЗСЗСН), достапен на *http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/ZAkon%20za%20prevencija%20semejno.pdf*

[16] Национална стратегија за заштита од семејно насилство, достапна на: *http://www.semejnonasilstvo.org.mk/Root/mak/_docs/Nacionalna_strategija_za_zashtita_od_semejno_nasilstvo.pdf*

[17] Закон за спречување, забрана и заштита од семејно насилство, Службен Весник на Република Северна Македонија бр..138/2014, 33/2015, 150/2015 достапен: *http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/ZAkon%20za%20prevencija%20semejno.pdf*

протоколи по кои постапуваат полицијата, здравствените и социјалните работници во случаите на домашно насилство[18]. Наместо да го регулира домашното насилство како посебно кривично дело, Кривичниот законик[19] го регулира „семејното насилство“ како дополнителен фактор за потребите на казнување доколку се случило истовремено со друго кривично дело, како на пример: убиство (член 123); убиство на миг (член 125); телесна повреда (член 130); тешка телесна повреда (член 131); присилба (член 139); бесправно лишување од слобода (член 140); загрозување на безбедноста (член 144); полов напад врз дете кое не наполнило 14 години (член 188) и посредување во вршење на проституција (член 191). Притоа Кривичниот законик не го регулира фемицидот како кривично дело, иако во периодот 2013-2016 година во земјата имаше 15 случаи на фемицид[20]. Убиствата на жени затоа што се жени најчесто беа извршени од нивните интимни партнери во нивниот дом.

Родовото засновано насилство, според Законот за спречување и заштита од семејно насилство (ЗСЗСН), означува „насилство насочено против жените, затоа што е жена или коешто несразмерно ја погаѓа“. Ваквата дефиниција е малку апстрактна и не ја презентира генезата на насилството врз жените. Имено, ако ја погледнеме дефиницијата на Блум, *(2008, стр.14), родовото засновано насилство е генералниот поим кој го отсликува насилството произлезено како резултат на нормативните родови улоги, заедно со нееднаквата распределба на моќ помеѓу двата пола, во контекст на даденото општество; таа ни покажува дека изворот на насилството е во родовите улоги и родовите стереотипи кои преовладуваат во едно општество. Според ова, родово заснованото насилство има подеднакво влијание и врз мажите и врз жените. Но, дефиницијата која ја користи македонскиот закон скоро да е слепа за можностите родово заснованото насилство да биде насочено и кон мажи.* Ова не е случај со дефиницијата за родо-

---

18 Протокол за Министерството за труд и социјална политика, достапен на: *http://www.semejnonasilstvo.org.mk/Root/mak/_docs/Protokoli_za_postapuvanje/Predlog_protokol_za_Ministerstvo_za_trud_i_socijalna_rabota_mart_2009_godina.pdf;* Протокол за Министерството за внатрешни работи, достапно на: *http://www.semejnonasilstvo.org.mk/Root/mak/_docs/Protokoli_za_postapuvanje/Predlog_protokol_za_Ministerstvo_vnatreshni_raboti_noemvri_2008_godina.pdf;* Протокол за Министерството за здравство, достапно на: *http://www.semejnonasilstvo.org.mk/Root/mak/_docs/Protokoli_za_postapuvanje/Predlog_protokol_za_postapuvanje_na_Ministerstvo_za_zdravstvo_noemvri_2008_godina.pdf* Заеднички протокол за дејствување во случаи на семејно насилство, објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/15

19 Кривичен законик на Република Македонија, Службен Весник бр. 139/2008, достапен: *http://www.semejnonasilstvo.org.mk/Root/mak/default_mak.asp*

20 За три години убиени 15 жени затоа што се жени, Nova Makedonija, available online *15 femicidi vo 3 godini*

во засновано насилство која ја вклучува Националната стратегија за родова рамноправност 2013-2020[21] усвоена во јануари 2013 година, а којашто е основа на дефиницијата на родово заснованото насилство која ја користи Декларацијата на ОН за елиминација на насилството врз жените (1993), каде што родово заснованото насилство се дефинира како *насилство врз жените, во кое е вклучен секој акт на родово засновано насилство кое нанесува или е веројатно дека ќе нанесе физичка, ментална и сексуална штета или страдање, закани, принуда и друго лишување од слобода, без разлика дали се случува во јавниот или приватниот живот*[22].

Според горенаведената дефиниција, терминот „родово засновано насилство" во Националната стратегија првенствено се однесува на насилството врз жените и се употребува меѓусебно со терминот „насилство врз жените". Овој пристап е во согласност со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, а идејата е да се стави акцент на аспектот на кршење на човековите права на кривичното дело, со што се овозможува пристап до повеќе правни инструменти во борбата против родово заснованото насилство.

*Во суштина, најчести жртви на нееднаквата родова моќ во општеството се жените и девојките. Покрај тоа, според истражувањето на УНФПА, жените како жртви на родово засновано насилство страдаат од последици како резултат на полово засновано дискриминација.* И податоците од Република Северна Македонија покажуваат дека жените се жртви на семејно насилство[23]. Во 2017 година МВР има регистрирано 903 случаи на семејно насилство, во 93% од нив насилникот е маж[24]. Најранливи се жените како жртви на насилство (84% од сите регистрирани жртви се жени) и родителите, како и децата. Во 59% од случаите жртвите имаат физички повреди, а во 37% за нив постои безбедносна закана[25].

[21] Национална стратегија за родова еднаквост (2013-2020), достапна на *http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx*

[22] Член 1 од Декларацијата на ОН за елиминација на насилството врз жената, достапно на: *http://www.un.org/documents/ga/res/48/a48r104.htm*

[23] Бидејќи македонското законодавство го регулира само семејното насилство, дата базите на Министерството за внатрешни работи и Центрите за социјални работи прибираат и чуваат податоци за само за семејно насилство, а не и за родово засновано насилство.

[24] Во 391 случај насилникот е сопругот, во 161 случај насилникот е синот, додека во 50 случаи насилникот е таткото.

[25] МВР податоци за 2017 достапни на интернет: *http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/semejno%20nasilstvo.pdf*

Со оглед на фактот што членот 3 од Истанбулската конвенција дава неколку дефиниции кои се општо применливи во земјите коишто се стремат да ги спроведат одредбите од Конвенцијата во националните правни рамки, овие дефиниции имаат суштинско значење за сеопфатно толкување на условите, како и за спроведување на соодветното правно дејство. Родово засновано насилство во чл. 3 од Истанбулската конвенција се дефинира со терминот ,,насилство врз жените" и се смета за „кршење на човековите права и форма на дискриминација врз жените", како и „сите акти на родово засновано насилство што резултираат во, или најверојатно ќе резултираат со физичка, сексуална, психолошка или материјална штета или страдање на жените, вклучувајќи и закани, принуда или произволно лишување од слобода, без разлика дали се случуваат во јавниот или во приватниот живот". Понатаму, во членот 3 родово заснованото насилство врз жените се дефинира и како насилство кое е насочено кон жените, бидејќи таа е жена и влијае на неа несразмерно.

Во однос на основниот поим жртва, може да се каже дека е регулиран во македонскиот правен систем и во Кривичниот законик со измените и дополнувањата во 2013 година. Членот 122[26] терминот „жртва" го дефиниран како *секое лице кое претрпело загуба или штета, вклучително физичка или ментална повреда, емоционално страдање, материјална загуба, како и кое било друго загрозување или закана за неговите или нејзините права и слобода што резултира со кривичното дело.* Со ова Кривичниот законик прави разлика помеѓу жртвите и оштетените страни. Жртвите во постапката имаат свои права, како на пример: правото на информирање, заштита, помош, грижа и поддршка, компензација и посредување. Според проф. Стојанка Мирчева, со измената на Законот „жртвите на родово засновано насилство добија пристап до повеќе правни инструменти во кривичната постапка"[27]. Дополнително, во членот 53 од Законот за кривична постапка[28] утврдени се основните права на жртвите, меѓу кои и правото на учество

[26] Член 122, параграф 22 од Казнениот законик на Република Македонија, Службен весник на РМ број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 , 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14

[27] Стојанка Мирчева, Богданчо Гогов: Анализа на усогласеноста на законодавството на Република Северна Македонија со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство: (Истанбулска конвенција) : базична студија - Скопје 2013 : Сојуз на организации на жените на Република Македонија

[28] Член 53 од Закон на Кривична, Службен весник на РМ број 150/2010

на оштетениот во постапката на кој му е овозможено да учествува во прогонот или во побарувањето за надомест на штета, посебна грижа и заштита од судот, право на психолошка и друга стручна помош, како и поддршка од релевантните институции итн. Според став 2, *важно е жртвите да ги уживаат своите права, додека полицијата, обвинителството и судот имаат законска обврска да ја известат жртвата за своите права, како и да дејствуваат во нејзин интерес во одлучувањето за прогон на обвинетиот.* Ова дејство започнува веднаш штом жртвата го направи првиот контакт со правниот и судскиот систем, коишто најчесто се полицијата, а потоа и Центрите за социјална работа. Сепак, примарните податоци од дискусиите во фокус-групите покажуваат дека Центрите за социјална работа најчесто не поднесуваат законски постапки (обвиненија) пред судовите против сторителите, а една од можните причини е финансискиот товар, административните такси кои требаат да ги платат, *иако износот не е толку голем за да би претставувал сериозен финансиски товар за институциите*[29]. Во интерес на заштитата на правата на жртвите е полицијата да направи извештај од местото на настанот кога се случило насилството. Но, според адвокатите, ова се занемарува поради што правните бранители се оневозможени да поднесат правни обвиненија на суд поради недостиг на доказ, во случајов, полициски извештај. Правата на жртвите во постапката се загрозени и од недостатокот на свест и знаење кај судиите, особено машките судии, *кои не гледаат објективно на семејното или родово заснованото насилство врз жените, па наместо да ги спроведуваат судските постапки на непристрасен начин и според судските правила, тие често вложуваат напори да посредуваат во процесот на помирување меѓу партнерите и советување на жртвата да се врати дома со сторителот*[30]. Во оваа смисла потребно е градење на капацитетите на институциите за спроведување на правата на жртвите, но и воопшто за подигање на свеста за Истанбулската конвенција за да овозможат спроведување, но и да се повикуваат на Конвенцијата при интерпретација на националното законодавство во согласност со Конвенцијата[31].

Кривичниот законик и другото законодавство целосно се слепи во однос на поимот род. Освен дефинирањето на полот како основа за

[29] Дискусија во фокус-групата одржана на 17.07.2018 година, која се состоеше од застапници и адвокати на жртвите, кои посочија на недостатоци во системот кога станува збор за заштита на жртвите и обезбедување помош за нив за кривичен прогон на сторителот

[30] Ibid

[31] CEDAW/C/ MKD/CO/4-5, para. 9 и CEDAW/C/MKD/CO/6, п.10

дискриминација, родот не е воопшто регулиран ни со Кривичниот законик, ниту со Законот за спречување и заштита од семејно насилство. Непознавањето на родот оневозможува да се спознаат околностите и генезата на насилството врз жените кое произлегува од родовите улоги. Уште повеќе, Кривичниот законик е и целосно слеп за жените. Законикот користи термини во машка деноминација како неутрални или важечки за двата пола и не препознава мажи и жени, иако во добар дел од кривичните дела кои ги регулира препознавањето би можело да обезбеди и подобра заштита и остварување на правата на жртвите на насилство како и ефективна имплементација на Истанбулската конвенција. Ова е и во согласност со препораките на Шестиот периодичен извештај на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација на жените[32], во кој се вели дека државата треба да ги ревидира сите родово неутрални одредби во Законот за превенција, спречување и заштита од домашно насилство и Кривичниот законик и да гарантира вклучување на родовата димензија во процедурите за спроведување на правото со кое се регулира домашното насилство.

## 2.1 Кон целовита политика за насилство против жените – компаративна перспектива од Западен Балкан

Основната евалуација на GREVIO[33] за имплементацијата на Конвенцијата укажува на тренд на усвојување национални акциски планови во кои во насловот се спомнува дека опфаќаат политики за родово засновано насилство, додека тие ***de facto*** се фокусирани ексклузивно и примарно на домашно насилство[34]. Албанија е таков пример. Извештајот на GREVIO[35] за Албанија утврдува дека земјата го вклучува родово сензитивниот пристап препознавајќи го домашното насилство како родово основана дискриминација и ги врзува политиките и мерките за насилство врз жените со мерките кои промовираат родова еднаквост и јакнење на жените. На тој начин, двата типа мерки се развиени на основа на стратегии и акциски планови кои се однесуваат на дискриминација и насилство врз жените како еден единствен проблем

32 Заклучни забелешки, 2018 година CEDAW/C/MKD/CO/6, п.24

33 Група експерти за акција против насилството врз жените и домашното насилство го следи спроведувањето на оваа Конвенција од Страните.

34 Оддел за јавни политики за граѓански права и уставни прашања на Европскиот парламент, на барање на ФЕММ комитетот, Правата на жените во Западен Балкан, 2019

35 GREVIO (2018b). GREVIO Основен евалуациски извештај – Албанија, op.cit.

на јавната политика[36]. Ваквиот дуализам се оценува како ефективен за спроведување на Конвенцијата, особено од аспект на член 6 од неа, но оценката на мерките од аспект на нивните резултати покажува дека тие премногу се фокусирани на домашно насилство[37], додека другите форми на насилство врз жените, како на пример: присилен брак, присилен абортус, сексуално насилство, вклучително и силување и сексуално вознемирување, не се приоритизирани во дизајнот, ниту во имплементацијата на мерките.

За разлика од Албанија, Босна и Херцеговина разви Стратегија за имплементација на Конвенцијата во 2015[38] со целовит пристап на превенција и спречување на насилство врз жените, не само домашно насилство. Ова не е случај со Косово, кое во 2017 година исто така донесе Национална стратегија која се однесува само на домашното насилство, вклучувајќи мерки и активности и одговорни институции за имплементација, како и идентификувајќи јасен координативен механизам[39]. Црна Гора исто така има усвоено Стратегија за заштита од домашно насилство (2016-2020).[40] Но, иако насловот се однесува на домашно насилство, оценката на GREVIO[41] е дека тој ја содржи дефиниција на родово засновано насилство усогласена со член 3 од Конвенцијата и мерки и активности кои се исклучиво во семеен контекст и затоа не претставува целовит политички документ кој се однесува на сите видови насилство против жените[42]. Србија нема стратегија за насилство против жените.Националниот акциски план на Република Северна Македонија опфаќа три категории на мерки

[36] Ibid.

[37] Ibid.

[38] Целите на Рамковната стратегија за имплементација на Конвенцијата за заштита и борба против насилство врз жената и семејно насилство на Советот на Европа (2013-2018) во БиХ се: **1.** Да обезбеди сеопфатно, ефективна и инлузивна заштита од насилство врз жената и семејното насилство **2**. Да постави мултидисциплинарен и координиран систем за заштита на жртвите од насилство врз жените и семејно насилство во согласност со Истанбулската конвенција **3.** Да ги зајакне барањата за санционирање на сторителите на насилство врз жените и домашно насилство и да осигури пристап до правда на жртвите **4**. Да ја зајакне рамката за развој и мониторирање на интегративни и родово сензитивни политики за заштита и превенција на насилство врз жените и семејно насилство (Тркуља, 2018)

[39] Евалуациски извештај на Косовската програма против домашно насилство и Акциски план (2011-2014) во Красниќи (2018)

[40] Рајчевиќ (2018), op.cit.

[41] GREVIO (2018b). GREVIO Основен евалуациски извештај – Црна Гора op.cit.

[42] Ibid.

и активности: (i) законодавни – поврзани со усогласување на законодавството за сите форми на насилство утврдени со Конвенцијата; (ii) превенција – поврзани со превентивните услуги кои треба да се основаат за да се спречат сите видови насилство против жените и (iii) заштита – поврзани со стандардите за специјализирани услуги за жртви на родово засновано насилство. Акцискиот план предвидува финансиска поддршка за спроведување на мерките од UNWOMEN, UNDP и други донатори, како и средства на Владата и на локалната самоуправа. Сепак, планот не нуди конкретна проценка колку ќе чини секоја од мерките. Додека планот ги идентификува институциите кои се задолжени за имплементација на мерките, тој не предвидува информација за тоа која институција ќе биде задолжена за координација на имплементација, иако Министерството за труд и социјална политика има формирано интерсекторска група за имплементација на Конвенцијата.

## *2.2 Наоди за дефинирање на основните поими утврдени со Истанбулска конвенција*

Како што е наведено во членот 1 од Истанбулската конвенција, таа има цел да ги заштити жените и да ги елиминира сите форми на насилство и дискриминација за промовирање на еднаквоста меѓу мажите и жените, зајакнување на жените за тоа. Затоа, националното законодавство треба да го третира прашањето на дискриминација и нееднаквост заедно со прашањето на насилството врз жените. Едното (дискриминацијата, родовите улоги и стереотипи) ја одредуваат основата, генезата на појавата и преваленцијата на насилното однесување насочено кон жените затоа што се жени. За да се превенира насилството врз жени, потребно е координирана и сеопфатна интервенција за спречување на дискриминација и криминализирање на сите видови насилство врз жените. Оттаму, еднакво важно е **Кривичниот законик да ги дефинира сите форми на насилство врз жените како кривично дело, но истовремено да ги дефинира и поимот род, да го ревидира јазикот од родово неутрален во родово одговорен и да ги препознае жените како субјекти, но и жртви на насилно однесување.** Покрај тоа, со воведување и дефинирање на условите од Кривичниот законик, опсегот на кривичното дело ќе се интензивира, со што ќе обезбеди пристап до поефикасни правни инструменти за борба против родовото насилство.

Во Законот за спречување и заштита од семејно насилство, кој стапи на сила во 2014 година, постои дефиниција за родово засновано насилство кое е во согласност со Истанбулската конвенција. Сепак,

целиот Закон е фокусиран на семејно насилство и со тоа само делумно овозможува спроведување на конвенцијата. Оттука, **потребно е проширување на опсегот на Законот за спречување и заштита од семејното насилство или негова замена со нов закон кој ќе ги регулира сите форми на родово базирано насилство.** На овој начин би се поставиле основните процедури за постапување со жртви од сите форми на насилство врз жените, ќе се уреди соработката меѓу институциите, како и собирањето и чувањето на родово поделени податоци поврзани со насилство врз жените. Преку ваква политичка интервенција, Република Северна Македонија одговара на генералната препорака број 35 (2017) за родово засновано насилство врз жените, која ја надоградува препораката број 19 (1992) за насилство врз жените. Паралелно земјата одговара на препораките на CEDAW да го приоретизира усвојувањето на законодавство кое се однесува на сите форми на родово засновано насилство[43].

Оттука, потребно е и усогласување на Кривичниот законик со Истанбулската конвенција и новиот Закон за спречување и заштита од родово засновано насилство. Потребно е **дефинирање на родово засновано насилство или само насилство врз жените во Глава тринаесетта- значење на изразите на овој законик - член 122, со замена на дефиницијата за семејно насилство.** Дефиницијата на **Кривичниот законик за „Насилство врз жените“** треба да вклучува економско насилство[44] за да ги означува сите акти на родово засновано насилство коишто доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот во согласност со членот 3 на Истанбулската конвенција. Овие одредби се со цел да се обезбеди поголема заштита на жртвите на сите нивоа на постапување

Потребно е и **вклучување на дефиниција за род, како и дополнување на дефиницијата за жртва со цел препознавање на жената како жртва на родово засновано насилство.** Ова е особено значајно за подигање на свеста, градење на капацитетите кои ќе овозможат и имплементација на Истанбулската конвенција, особено затоа што

[43] Шести периодичен извештај на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, Заклучни забелешки, 2018 година, п. 24 достапни на интернет: *https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW/C/MKD/CO/6&Lang=En*

[44] Трпе Стојановски и Искра Андреева , *Оцена за влијанието на меѓународниот договор врз домашното законодавство,* интерен документ

во националните закони или подзаконски акти нема дефиниција на „родот“.

Конечно, во однос на усогласувањето со основните поими со кои се користи Истанбулската конвенција, потребно е во Кривичниот законик **да се замени употребата на „семејното насилство“ со „родово засновано насилство и домашното насилство“, како и соодветна примена на потесниот термин „насилство врз жената“ како дополнителни фактори за потребите на казнување доколку се случило истовремено со друго кривично дело,** како на пример: убиство (член 123); убиство на миг (член 125); телесна повреда (член 130); тешка телесна повреда (член 131); присилба (член 139); бесправно лишување од слобода (член 140); загрозување на безбедноста (член 144); полов напад врз дете кое не наполнило 14 години (член 188) и посредување во вршење на проституција (член 191).

# 3

## *Кривичниот законик и различните форми на насилство врз жените*

Истанбулската конвенција е првиот правно задолжителен инструмент во Европа кој ги поставува стандардите во областа на превенција, заштита на жртви, гонење и казнување на сторители и претставува најефективен меѓународен договор со кој може да се спречи насилството врз жените. Конвенцијата нагласува дека насилството врз жените е длабоко вкоренето во нееднаквоста меѓу мажите и жените. Се заснова на пристап кој го познаваме како „4П“ или четири столбови: превенција (Prevention), гонење (Prosecution), заштита (Protection) и интегрирани политики (Policies). Освен што е сеопфатен документ, Истанбулската конвенција е ефективен инструмент зашто бара од земјите потписнички да обезбедат адекватна кривична правда за сите форми на насилство врз жените; и заради тоа што бара справување со коренот на причините за насилство врз жените (родовите стереотипи, традициите кои се насилни врз жените и сите општи манифестации на родова нееднаквост)[45].

Трпе Стојановски и Искра Андреева во Оценката на влијанието на Истанбулска Конвенција врз македонското законодавство препорачуваат подготовка и донесување нов Закон за спречување и заштита од родово засновано насилство, којшто во целост, јасно и недвосмислено ќе ги изрази целите, опсегот на примена, обврските и мерките предвидени во Конвенцијата. „Но, со оглед на фактот што номотехничката практика вклучува и предвидување кривични дела и со посебен закон, а не само со Кривичниот законик, имајќи го предвид развојот на кривичното право во Република С. Македонија, искуствата со пропишување на нови кривични дела и спроведување на кривичните одредби, се препорачува кривичните дела коишто се предвидени со Конвенцијата да бидат соодветно регулирани во Кривичниот законик”[46]

[45] GREVIO (2017a). GREVIO Baseline Evaluation Report – Austria. Strasbourg: Council of Europe.

[46] Акциски план за спроведување на конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство на Република Северна Македонија 2018-2023, достапен на *Акциски план за спроведување на конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство на Република Северна Македонија 2018-2023*

Во моментов Кривичниот законик на Република Северна Македонија („Службен весник“ бр.. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008, 114/2009, 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14,27,28, 115, 132, 160,190/2014; 196/2015) го криминализира само силувањето. Останатите форми на насилство врз жените регулирани со членовите 33, 34, 35, 36, 37, 38 и 39 на Истанбулска конвенција не се експлицитно регулирани со Кривичниот законик. Некои од овие форми на насилство се регулирани делумно како деликти со други закони како на пример Закон за семејство (присилен брак), Закон за заштита и превенција од дискриминација, Закон за работни односи (сексуално вознемирување на работно место), Закон за прекинување на бременоста (присилен абортус и стерилизација) и сл.

## *3.1 Психичко и физичко насилство во Истанбулската конвенција (чл. 33 и чл. 35)*

Истанбулската конвенција во членот 33 регулира „Страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека намерното однесување кое сериозно го нарушува психичкиот интегритет на некое лице со употреба на присилба или закана се инкриминира.“ Притоа Конвенцијата го штити психичкиот интегритет на личноста, а го криминализира однесувањето кое употребува присилба или закана.

Македонскиот Кривичен законик не го познава кривичното дело психичко насилство како засебно. Тој го споменува во дефиницијата на семејно насилство во членот 122 параграф 21 *Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго* ***психичко*** *или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, кон брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и кон поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.* За жал, психичкиот интегритет кој Конвенцијата го дефинира дека се нарушува со делото преку употреба на присилба или закана никаде не се споменува во македонското законодавство. Со оглед на фактот што праксата покажува дека на физичкото насилство секогаш му претходи психичкото насилство, со јасно дефинирање на делото и



негова криминализација ќе се влијае на намалување на трендот на физичко насилство и конечно на фемициди во земјата[47].

Оттука, регулирање на делото присилба во член 139[48] не е доволно. Објект на заштита кај кривичното дело присилба е слободата на формирање волја за определено постапување, додека Истанбулската конвенција бара заштита на психичкиот интегритет на личноста. „За разлика од основниот облик на делото, кога гонењето се презема по приватна тужба, квалификуван облик постои при вршење на семејно насилство и се гони по службена должност".[49]

[47] Елена Димушевска (2018), во „Анализа на случаите на фемициди - убиства на жени во Република Македонија" на Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилство утврдува дека во периодот 01.01.2008 до 31.12.2016 година од вкупно 70 убиени жени според податоците на Државен завод за статистика, 53 се фемициди, односно убиство на жени затоа што се жени (достапно на интернет: *http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf).*

[48] Присилба (1) Тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година. (2) Ако делото од став 1 е сторено при вршење семејно насилство, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години. (3) Ако делото од став 1 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. (4) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба

[49] Стојанка Мирчева, Богданчо Гогов: Анализа на усогласеноста на законодавството на Република Северна Македонија со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство: (Истанбулска конвенција) : базична студија - Скопје 2013 : Сојуз на организации на жените на Република Македонија.

Исто така регулирањето на заканата делумно со член 144 - загрозување на сигурноста[50] не е доволно. Оваа одредба го санкционира предизвикувањето на чувство на несигурност, загрозување или страв со сериозна закана дека ќе се нападне врз животот и телото на лицето или нему блиско лице. Доколку делото е извршено при вршење семејно насилство, се смета како квалификаторна околност и предвидената казна за сторителот е построга, а гонењето се презема по службена должност. Сепак, поврзувањето на заканата со резултатот од неа – нарушување на психичкиот интегритет не се прави и во таа смисла е потребно усогласување со Истанбулската конвенција.

**Оттука,потребно е да се пропише ново кривично дело во КЗ, „Психичко насилство", согласно одредбите од Конвенцијата**[51] Ова дотолку повеќе се бара затоа што официјалната кривично судска статистика се води според член на кривичното дело. Тоа значи дека доколку не се регулира психичкото насилство како посебно кривично дело, не може да се води статистика и да се собираат податоци за имплементацијата на Истанбулската конвенција. Тоа што семејното насилство (или доколку се усогласи КЗ и се употребува терминот родово засновано насилство) е земено како фактор кој влијае, го квалификува делото, исто така не овозможува целосна имплементација на член 11 од Конвенцијата која обврзува земјите потписнички на редовни интервали да собираат и известуваат за сите форми на насилство врз жените затоа што собирањето податоците од страна на МВР и судските органи е според член од Кривичен законик, а не според став (семејното насилство како квалификаторен елемент на делото секогаш се споменува во втор став, што оневозможува собирање податоци). „Притоа, не се собираат расчленети податоци само за сто-

[50] (1) Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци. (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство, ќе се казни со затвор од три месеци до три години. (3) Со казната од став 2 ќе се казни тој што делото од став 1 ќе го стори кон службено лице во вршењето на службата или кон повеќе лица. (4) Тој што по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради неговата припадност кон определена национална, етничка или расна група или верска определба, ќе се казни со казна затвор од една до пет години. (5) Гонењето за делото од ставот (1) се презема по приватна тужба.

[51] Трпе Стојановски и Искра Андреева , *Оцена за влијанието на меѓународниот договор врз домашното законодавство,* интерен документ

рителите на кривични дела, а не и за жртвите“[52]. Со дефинирање на засебно кривично дело психолошко насилство, државата одговара и на очекувањата на Европската Унија да ги подобри и усогласи административните податоци за насилство врз жените кои претставуваат потешкотија да се соберат на територија на целата Унија поради различните методологии за прибирање кои се употребуваат кај секоја земја членка и кандидатка за членство во Унијата[53].

Истанбулската конвенција во член 35 регулира „страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека намерното извршување на дела на физичко насилство врз друго лице се инкриминира.“ Македонскиот кривичен законик не го регулира физичкото насилство како засебно кривично дело туку го вклучува во дефинициите на семејно насилство, во член 122 параграф 21 „Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, кон брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и кон поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи“. Кривичниот законик при регулирање на кривичните

[52] Стојанка Мирчева, Богданчо Гогов: Анализа на усогласеноста на законодавството на Република Македонија со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство: (Истанбулска конвенција) : базична студија - Скопје 2013 : Сојуз на организации на жените на Република Македонија

[53] EIGE 2015, Strategic framework on violence against women (2015-2018), available online: *https://eige.europa.eu/rdc/eige-publications/strategic-framework-violence-against-women-2015-2018*



дела „Телесна повреда“ чл. 130[54] и „Тешка телесна повреда“ чл. 131[55], како и во Законот за спречување и заштита од семејно насилство. Кај горенаведените инкриминации, објект на заштита е животот и телесниот интегритет. Сепак, регулирањето на семејното насилство како квалификаторен елемент на кривичните дела каде што физичката сила врз животот и телесниот интегритет на жртвата не е доволно од две причини. Прво, не укажува на генезата на насилството односно родовата нееднаквост, родовите улоги и стереотипи кои довеле до делото на жртвата на семејното насилство. Поради ова потребно е промена на терминот семејно насилство во родово засновано насилство. И второ, со регулирање на семејното насилство како квалификаторен елемент на делото во кој било од подолните ставови не овозможува прибирање податоци за делото, што претставува сериозна пречка за имплементација на Истанбулската конвенција, особено член 11, кој се однесува на прибирање податоци и известување за сите форми на насилство. Затоа потребно е да се пропише ново кривично дело во КЗ, „Физичко насилство“, согласно одредбите од Конвенцијата или да се направи и консолидација со веќе постојните одредби во КЗ, а кои се однесуваат на други кривични дела[56].

[54] (1) Тој што друг телесно ќе го повреди или ќе му го наруши здравјето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години. (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години (3) Судот може на сторителот на делото од став 1 да му изрече судска опомена ако бил предизвикан со особено навредливо или грубо однесување на оштетениот. (4) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба, а за ставот 2 по предлог

[55] (1) Тој што друг тешко телесно ќе го повреди или здравјето тешко ќе му го наруши, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство, ќе се казни со затвор од една до пет години (3) Тој што друг тешко телесно ќе го повреди или здравјето тешко ќе му го наруши и поради тоа ќе биде доведен во опасност животот на повредениот или ќе му биде уништен или трајно и во значителна мера ослабен некој важен дел од телото или некој важен орган или ќе биде предизвикана трајна неспособност за работа воопшто или за работата за која е оспособен или трајно и тешко ќе му биде нарушено неговото здравје или ќе биде нагрден, ќе се казни со затвор од една до десет години. (4) Ако поради тешката телесна повреда од ставовите 1 до 3 повредениот ќе умре, сторителот ќе се казни со затвор најмалку една година. (5) Тој што делото од ставовите 1 и 2 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години. (6) Тој што делото ќе го стори на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на повредениот, ќе се казни за делото од ставовите 1 и 2 со парична казна или со затвор до три години, а за делото од ставовите 3 и 4 со затвор од една до пет години

[56] Трпе Стојановски и Искра Андреева , *Оцена за влијанието на меѓународниот договор врз домашното законодавство,* интерен документ

## 3.2 Сексуално насилство и силување (чл. 36)

Сексуалното вознемирување е регулирано со член 36 од Истанбулската конвенција, со којшто се обврзуваат земјите потписнички да ги криминализираат сите форми на сексуални односи без согласност. Конвенцијата дава многу детален опис на тоа кои сексуални дела треба да бидат криминализирани. Во прв ред се наведува дека тие дела вклучуваа впуштање во вагинална, анална или орална пенетрација од сексуална природа без согласност врз телото на друга личност со кој било дел од човековото тело или предмет. Понатаму, во делот б, Конвенцијата го проширува опфатот на секој друг сексуален однос без согласност со трето лице. Со последниот дел, намерата е да се покријат и насилните врски, во коишто еден од партнерите е принуден на сексуален однос со трета страна, одбран од страна на сторителот на кривичното дело.

Во ставот 2 од член 36 продолжува да се дефинира што значи согласност и се наведува дека таа мора да биде доброволна, која ќе се оценува во контекст на околностите под кои е дадена. Така, клучниот елемент во дефинирањето на сексуалното насилство, вклучувајќи го и силувањето, е согласност. Ова значи дека без слободна волја впуштањето во сексуални активности треба да се казни. Ова е важна промена во претходната парадигма, кога употребата на сила беше елемент којшто сексуалниот чин го сметаше за насилен.

Ставот 3 ги обврзува страните да ги преземат сите неопходни правни и други мерки за да се примени одредбата од став 1 за сите форми на сексуални односи без согласност, без разлика каква е врската помеѓу сторителот и жртвата, вклучувајќи ги и односите со поранешниот и актуелниот брачен партнер признати под внатрешното право.

Во македонскиот правен систем, различни форми на сексуални деликти се казнувани со различни закони. Меѓутоа, мора да се напомене дека терминологијата којашто се користи во македонскиот правен систем е малку поинаква од онаа во Истанбулската конвенција, каде што се користи терминот сексуално насилство. Во македонската легислатива се користи терминот „полово насилство“, кој потекнува од зборот „пол“ (пол, биолошки карактеристики кои некого го одредуваат како жена или маж).

### 3.2.1 ФОРМИ НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Законите кои ја регулираат и инкриминираат различната форма на сексуално насилство се: Кривичниот законик, Законот за спречување и заштита од семејно насилство, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за работни односи. Македонскиот Кривичен законик го регулира силувањето како кривично дело, кое е регулирано во Глава XIX - Кривични дела против половата слобода и половиот морал. Поконкретно, според член 186[57], силувањето се смета за кривично дело. Ваквото дело, според одредбата од Законот, вклучува употреба на сила или третирање, како и поигрување со честа и достоинството на жртвата или друго блиско лице. Што се однесува до санкционирањето на сторителите, став 1 од истиот член 186 предвидува затвор од три до десет години. Односот помеѓу сторителот и жртвата во такви случаи е ирелевантен, што значи дека интимноста и степенот на блискост не го исклучуваат обвинителството, кое се спроведува по службена должност[58].

Сексуалниот напад врз беспомошни лица, како поинаков вид сексуален деликт, членот 187 од Кривичниот законик ваквиот акт го препознава како кривично дело. Според ова, во параграф 1 се наведува дека секое лице кое сексуално напаѓа друго лице, искористувајќи ја неговата или нејзината ментална болест или ментално растројство, беспомошност, заостанат ментален развој или друга состојба поради којашто тоа лице не може да се спротивстави, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

[57] (1) Тој што друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, ќе го присили на обљуба, ќе се казни со затвор од три до десет години. (2) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години. (3) Тој што друг ќе присили на обљуба со сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. (4) Тој што во случаите од ставовите 1, 2 и 3 ќе изврши само друго полово дејствие, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од шест месеци до пет години, за делото од став 2 со затвор од една до десет години, а за делото од став 3 со затвор од три месеци до три години.

[58] Стојанка Мирчева, Богданчо Гогов: Анализа на усогласеноста на законодавството на Република Македонија со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство: (Истанбулска конвенција) : базична студија - Скопје 2013 : Сојуз на организации на жените на Република Македонија

Друга форма на сексуален деликт кој е регулиран и казнив со Кривичниот законик во членот 188 е полов напад врз дете кое не наполнило 14 години. Законодавецот презема посебни мерки за заштита на децата (на возраст под 14 години) и предвидува казна затвор најмалку од 12 години. Понатаму, во членот 188 се применуваат истите критериуми за сексуален напад врз беспомошни лица.

Друга група луѓе заштитена со Кривичниот законик се подредените и зависни лица. Во членот 189 од Кривичниот законик, каде што сексуалниот напад произлегува од злоупотреба на положбата, сторителот ќе биде казнет со казна затвор најмалку од пет години. Доколку, пак, сторителот е крвен сродник во прва линија или брат, односно сестра, наставник, воспитувач, посвоител, старател или очув казната е најмалку 10 години затвор. Повторно, криминализацијата се заснова на употреба на сила или третирање на подредените и зависни лица на начин кој го навредува нивното достоинство. Како што беше наведено во претходниот параграф, посебно внимание се посветува на заштита на малолетни лица кои најчесто се во позиција на подреденост или зависност од нивните наставници, лекари, законски старатели итн.

Согласно член 190 од македонскиот Кривичен законик, опфатен и инкриминиран е чинот на задоволување на полови страсти пред друг за којшто се предвидува парична казна или затворска казна до една година. Доколку задоволовувањето на половите страсти се врши пред дете или детето се наведува на таков чин (став 2 од член 190), затворската казна е од три до осум години.

Според член 191, вршењето сексуални услуги, како проституција, е исто така сексуално кривично дело за коешто е предвидена казна затвор од пет до десет години. Предвидени се и казни за организирана проституција за профит, казни за оној кој користи сила за да присили некого на проституција или ги наведува малолетниците во проституција.

Детската проституција е регулирана со воведувањето нов член 191-а, согласно измените на КЗ од 2014[59], а затворските казни се од четири до десет години, во зависност од делото.

Според член 193, прикажувањето на порнографски материјал на дете кое не наполнило 14 години е кривично дело, за што се предвидени и соодветни санкции.

59 Сл. Весник на РМ, број 27/2014

Со членот 194, Кривичниот законик ја третира обљубата на крвен сродник или брат, сестра како посебна форма на сексуален деликт, за што е предвидена затворска казна од пет до десет години. Доколку, пак, делото е сторено со лице коешто не наполнило 14 години, затворската казна е минимум 10 години.

Што се однесува до другите закони под кои се регулирани сексуалниот напад и силување, како на пример Законот за спречување и заштита од семејно насилство, оваа форма на кривично дело е вклучена во дефиницијата за домашно (семејно) насилство како еден вид родово засновано насилство.

Законот за работни односи[60], исто така, се фокусира на заштита од вознемирување и полово вознемирување во член 9[61] и предвидува санкција за одговорното лице.

Законот за вознемирување на работното место (мобинг)[62] ги дефинира обврските и одговорностите на работодавците и вработените за заштита од вознемирување на работното место. Во овој закон, сексуалното вознемирување се дефинира како „секој вербален или невербален или физички акт кој е од сексуален карактер и има цел или претставува нарушување на човековото достоинство на работникот и предизвикува непријатни чувства, како чувство на страв или понижување.

[60] Закон за работни односи, Службен весник на РМ бр. 62/2005 достапен на *http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/ZRO%20Precisten%2074-15.pdf*

[61] (1) Забрането е вознемирување и полово вознемирување. (2) Вознемирувањето и половото вознемирување претставува дискриминација во смисла на членот 6 од овој Закон. (3) Вознемирување, во смисла на овој Закон, е секое несакано однесување предизвикано од некој од случаите од членот 6 на овој Закон кое има цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а кое предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување. (4) Полово вознемирување, во смисла на овој Закон, е секое вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер кое има цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а кое предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување

[62] Законот за вознемирување на работното место, Службен Весник на РМ бр. 79/2013 и 147/2015, достапен на *http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/trud_2017/pravilnici/16,,11-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%97%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%92%D0%BE%D0%B7%D0%A0%D0%B0%D0%B1%D0%9C%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%BE.pdf*

### *3.2.2 АНАЛИЗА НА ЈАЗОТ МЕЃУ МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА*

Како форма на родово засновано насилство, сексуалното насилство ги повредува и ги крши женските човекови права. Затоа, многу меѓународни конвенции се фокусираат на правните инструменти за борба против сексуалното насилство. Во исто време, националното законодавство има развиено солидна законска рамка за заштита на жените од секаков вид сексуален напад. Меѓутоа, со оглед на сериозноста на силувањето како сексуален деликт, посебно внимание се посветува на заштита на жените и санкционирање на сторителите.

Што се однесува до ваквото кривично дело, неодамнешно истражување покажа дека во ЕУ, секоја десетта жена на 15-годишна возраст има искуство со некаков вид сексуален напад, а секоја дваесеттина од жените се силувани уште од 15-годишна возраст.

Во С. Македонија, сексуалното насилство е една од најчестите форми на родово засновано насилство, но истовремено и една од најмалку пријавуваните. Причините за ниското ниво на пријавување се должат на непрепознавањето на деликтот, патријархалните вредности на општеството каде што жените сè уште се сметаат за сексуален предмет и имот на човекот, како и на непрофесионално спроведени постапки откако ќе се пријави делото. Министерството за внатрешни работи за 2017 година има регистрирано 50 случаи на силување[63].

Споредувајќи ги одредбите од Истанбулската конвенција со македонската правна рамка, со кои се регулирани сексуалниот напад и силување, се појавуваат неколку прашања за дефинирање и толкување на концептите користени во правните инструменти.

Како што може да се заклучи од анализата, во македонскиот правен систем, **актот на сексуално насилство не се заснова врз концептот на недостиг на согласност од жртвата, туку врз концептот на употреба на сила.** Значи, во случаи кога не е присутна примената на физичка сила, тешко е да се изнесе како кривично дело, како чин на сексуално насилство. Во спротивно, отсуството на согласност дава појасна перцепција за тоа дали делото може да се карактеризира како сексуален напад, барем од страна на жртвата. Во С. Македонија, обвинителството и истражните органи гонат случаи каде што жртвите дале отпор на сторителот, каде што истовремено неуспешно ги штитат жртвите кои

[63] МВР податоци за 2017 достапни на интернет: *http://www.mvr.gov.mk/analiza/kriminal/55*

не биле во можност да му се спротивстават на сторителот. Во ваков случај, најдобро е да се стави фокус на согласноста на жртвата, да се анализира ситуацијата и да се ислушаат сведоците.

Добар пример за ваков пристап базиран на согласност се наоѓа во Кривичниот законик на Канада, кој во членот 273 став 1 согласноста ја дефинира како „доброволен договор на подносителот на жалбата за вклучување во сексуалната активност“. Во членот се дефинирани околностите и ситуациите во кои не се добива согласност:

*а) договорот се изразува со зборовите на друго лице, освен подносителот;*

*б) подносителот не е способен да даде согласност за активноста;*

*в) обвинетиот го поттикнува подносителот да се вклучи во активноста злоупотребувајќи ја позицијата на доверба, моќ или авторитет;*

*г) подносителот не се согласува да се вклучи во активноста со зборови или дела;*

*д) подносителот, кој се согласил да се вклучи во сексуална активност, изразува со зборови или дела недостиг на согласност да продолжи да се ангажира во активноста.*

Друг важен аспект во гонењето на кривични дела врз основа на сексуален напад е да се осигури дека судските пресуди или која било друга фаза во процесот вклучувајќи толкување на Законот да не се под влијание на родовите стереотипи или претходно сфатените поими или митови за женската и/или машката сексуалност.

Споредувајќи ги законските одредби од Кривичните закони на земјите од регионот, само хрватскиот закон го има воведено елементот на согласност како критериум за сексуално насилство. Во други правни системи, слично како во македонската правна рамка, проценката за тоа дали одреден деликт се квалификува како сексуално насилство се заснова на употребата на сила против одредено лице.

Вреди да се напомене дека во **одредбите со кои се регулира сексуалното насилство во македонската правна рамка се користи родово неутрален речник.** Тоа значи дека сексуалниот напад може да биде извршен против мажите и жените. На пример: во бугарскиот кривичен законик одредбата не е родово неутрална, па затоа признава сексуално насилство само врз жените.

Како што е наведено во анализата, Конвенцијата дава многу детален опис за одредени делови од телото, што е испуштено во одредбите на македонското законодавство. Така, членот 3 од Конвенцијата го **дефинира силувањето како вагинална, анална или орална пенетрација на телото без согласност на друго лице со кој било телесен дел или предмет.** Во членот 186 од Кривичниот законик во С Македонија не е експлицитно дефинирано кои се елементите на силување. Наместо тоа, се користи терминот „обљуби", што е сосема општ термин и е уште еден збор за водење љубов, неверство и силување, односно не означува експлицитно сексуално насилство. Затоа, законодавецот треба да направи дополнителни напори за подобро дефинирање на терминот „силување" и тие да бидат во согласност со барањата утврдени во Истанбулската конвенција во врска со елементите на актот. Исто така, препорачливо е во процесот на негово дефинирање, **да се покријат сите форми на неконсензуална пенетрација, вклучувајќи телесни делови или предмети.**

Што се однесува до силување во брак, Кривичниот законик го вклучува во дефиницијата за семејно насилство, но не и во кривичното дело силување. И шестиот периодичен извештај на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената во заклучните забелешки нотира: „Дефиницијата за силување според Кривичниот законик (член 186) не вклучува силување во брак и бара постоење пенетрација како елемент на кривичното дело"[64]. Оттука, комитетот препорачува да се даде приоритет на донесувањето на легислативата за да се опфатат сите форми на родово засновано насилство, вклучувајќи го и насилството кое се јавува кај бракови и де факто заедници, особено во брачни силувања, како и во јавниот и приватниот живот.

Во редефинирањето на ова кривично дело мора да се има во вид праксата на Европскиот суд за човекови права, особено одлуката во случајот MC v. Bulgaria, каде што судот констатира повреда на правото на забрана од тортура (чл.3) и право на заштита на приватниот живот (чл.8 ст.2) од Конвенцијата од страна на Бугарија. Судот утврдил дека: „силувањето е повреда на сексуалниот интегритет и самоопределбата на лицето и дека законодавството за силување треба да се концентрира врз недавањето согласност наместо врз употребата на сила како составни елементи на кривичното дело силување. Конечно, истражувањето во фокус-групите покажа дека прибирањето

[64] Шести периодичен извештај на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, Заклучни забелешки, 2018 година достапни на интернет: *https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW/C/MKD/CO/6&Lang=En*

на податоците за силување и известувањето за ова кривично дело МВР го прави редовно, но без притоа да обезбеди родово поделени податоци за жртвите на силување и за извршителите на кривичното дело. Оттука е потребно усогласување и во однос на прибирањето на податоци и известувањето за силувањето со чл. 11 од Истанбулската конвенција.

### *3.2.3 СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА ВО ОДНОС НА РЕГУЛИРАЊЕТО НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО СИЛУВАЊЕ ВО ЗАКОНОДАВСТВАТА НА НЕКОИ ОД ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ*[65]

Истанбулската конвенција (2011) е ратификувана од најголемиот број држави од регионот, но транспонирањето на нејзиниот концепт во националните законодавства е симболично и најчесто оценето со делумна имплементарност. Важен за анализа од аспект на инкриминирање на казнените дела од сферата на сексуалниот напад и силувањето е Казнениот закон на Хрватска, кој е на сила од 4 јануари, 2019 година[66]. Хрватскиот Казнен закон има допрено најдлабоко во имплементацијата на ИК и во чл. 152 воведува ново кривично дело „Полов однос без согласност" член 152 (144/12), а кривичното дело „Силување„ чл. 153 е комплементарно со претходното кривично дело. Притоа казнениот закон на Хрватска го дефинира половиот однос без согласност на следниов начин:

1. Кој со друго лице без негова согласност ќе изврши полов однос или со него изедначено полово дејствие, или наведува друго лице без своја согласност со трето лице да изврши полов однос или со него изедначено полово дејствие, или без своја согласност над самото себе изврши дејствие изедначено со полов однос, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до пет години.

2. Сторителот кој бил во отстранлива заблуда во врска со постоењето согласност од став 1 на овој член, ќе се казни со казна затвор до три години.

[65] Овој дел е подготвен од страна на проф. Трпе Стојановски за потребите на презентацијата во рамки на стручна дебата што се одржа на 09.04.2019 год. во хотел Александар 2 – Скопје.

[66] *https://www.zakon.hr/z/98/Kazneni-zakon*, (преглед од 05.04.2019) pročišćeni tekst zakona NN 125/11, 144/12, 56/15, 61/15, 101/17, 118/18 na snazi od 04.01.2019.

3. Согласност од став 1 на овој член постои ако лицето со своја волја одлучило да стапи во полов однос или со него изедначено полово дејствие и било способно да ја донесе и изрази таквата одлука. Се смета дека таква согласност нема особено ако половиот однос или со него изедначено полово дејствие е извршено со употреба на закана, измама, злоупотреба на положбата кон лице кое кон сторителот се наоѓа во однос на зависност, искористување на состојбата на лицето поради што тоа не било способно да го изрази своето одбивање или над лицето на кое противправно му е одземена слободата.

Искуството од Република Хрватска е важно бидејќи ова е прв случај во регионот кога во едно национално казнено законодавство се воведува елементот ***отсуство на согласност*** како критериум за инкриминирање на сексуално насилство. Во дефиницијата е опфатено дејствието: *...полов однос или со него изедначено полово дејствие,* со што законодавецот се обидува да го следи духот од ИК. Иако не ги употребува конкретно изразите од Конвенцијата, сепак прифаќањето на дејствијата „... или со него изедначено полово дејствие...“ покрај вагиналното, се мисли и на вагинална, анална или орална пенетрација од сексуална природа со кој било телесен дел или предмет во телото на друго лице без негова согласност.

Дефиницијата на казненото дело го инкриминира и дејствието на наведување друго лице без своја согласност со трето лице да изврши полов однос или со него изедначено полово дејствие или без своја согласност над самото себе изврши дејствие изедначено со полов однос.

Притоа законодавецот во став 3 дефинира кога постои Согласност од став 1 на овој член: согласност постои ако лицето со своја волја одлучило да стапи во полов однос или со него изедначено полово дејствие и било способно да ја донесе и изрази таквата одлука. Се смета дека таква согласност нема особено ако половиот однос или со него изедначено полово дејствие е извршено со употреба на закана, измама, злоупотреба на положбата кон лице кое кон сторителот се наоѓа во однос на зависност, искористување на состојбата на лицето поради што тоа не било способно да го изрази своето одбивање или над лицето на кое противправно му е одземена слободата.

**Заклучок:** Инкриминацијата на сексуалниот напад и силувањето во хрватското Казнено право е во голем дел хармонизирана со ИК, при што самата дефиниција за битието на казненото дело содржи поголема прецизност при утврдување на формите на неконсензуална

пенетрација (што е услов за постоење на казнено дело), вклучувајќи телесни делови или предмети.

Значајно е да се следи судската пракса и да се проверува во реалниот живот како функционира спроведувањето на казнениот закон, какви дилеми се јавуваат во постапувањето, за што веќе постојат судски одлуки.

На линија на ИК е и праксата на Европскиот суд за човекови права, следено преку одлуката во случајот MC v. Bulgaria, каде што судот констатира повреда на правото на забрана од тортура (чл.3) и право на заштита на приватниот живот (чл.8 ст.2) од Конвенцијата од страна на Бугарија. Судот утврдил дека: „силувањето е повреда на сексуалниот интегритет и самоопределбата на лицето“ и дека законодавството за силување треба да се концентрира врз недавањето согласност, наместо врз употребата на сила како составни елементи на кривичното дело силување.

## *3.3 Демнење (чл. 34)*

Во член 34 од Истанбулската конвенција демнењето е дефинирано како однесување со предумисла, со постојани закани насочено кон друго лице, предизвикувајќи го/ја или да се плаши за него/неа или за неговата/нејзината безбедност и таквото однесување треба да се казни. Демнењето може да се манифестира во различни форми, како што се постојано следење на жртвата, остварување несакана комуникација, појавување на места каде што некое лице работи, живее или редовно посетува итн. Исто така, жртвата може да биде следена и вознемирувана преку социјалните медиуми.

С. Македонија со член 4 параграф 7 од Законот за спречување и заштита од семејно насилство го дефинира демнењето како однесување со предумисла, со постојани закани насочено кон друго лице, предизвикувајќи го/ја или да се плаши за него/неа или за неговата/нејзината безбедност и таквото однесување треба да се казни[67]. Очигледно е дека дефиницијата е преземена од Истанбулската конвенција. Меѓутоа, имајќи го предвид членот 78 став 4, кога Конвенцијата им дава можност на земјите кои ратификуваат да го задржат правото, да воведат некривични мерки, како што се забрана за приближување и ограничување на движењето на сторителот. Во овие случаи, соодветни мерки би биле оние што вклучуваат забрана за

[67] Оваа одредба стапи на сила од 01.01.2015 година.

малтретирање на жртвата, забрана за каков било контакт со жртвата или со член од нејзиното семејство, забрана за телефонски повици до жртвата и приближување до жртвата во радиус најмалку од 100 метри до училиштето, работното место или местото на живеење. Законот за спречување и превенција од семејно насилство во членовите 34-36 регулира вакви мерки. Законот предвидува рок од 24 часа за времени заштитни мерки (според членот 34 и 35) на предлог на полицијата. Утврдени се и мерки за забрана на приближување и забрана за контакт со лицето жртва во период помеѓу 10 и 30 дена. Но, податоците за периодот од јануари 2015 до јули 2016 од вкупно 4 398 случаи на семејно насилство регистрирани од МВР, само во 401 случај била иницирана времена заштитна мерка, од кои прифатени од судот биле 87% од предложените мерки, 3% биле одбиени, 2% ослободени, додека 8% биле повлечени предлозите[68].

Државата треба да обезбеди заштита на жртвите и од други држави кога тие се на територија на Република Северна Македонија според Директивата DIRECTIVE 2011/99/EU за Европската наредба за заштита. Според оваа директива, земјите членки кај кои заштитата на жртвите се остварува преку мерки за заштита донесени од суд на предлог на полицијата, треба да ја признаат како валидна наредбата за заштита издадена од друга земја членка на Унијата и да обезбеди заштита во согласност со домашното право.[69] Со оглед на аспирацијата да стане земја членка на Унијата, С. Македонија треба да предвиди и признавање на европската наредба за заштита.

Сепак, ваквата одлука да се дефинира демнењето како кривично дело и да се воведат некривични мерки е различно од постапувањето на сите останати земји од регионот. На пример, Босна и Херцеговина во 2015 година го измени Кривичниот законик и го криминализираше демнењето, како и Црна Гора и Србија[70] со кривичниот законик кој стапи на сила од 01.06.2017 година. Хрватска, исто така, направи измени од став 142 од Кривичниот законик, со исклучок на Бугарија, каде што ниту една одредба не го регулира демнење како кривично дело.

68 Zorica Saltirovska, Sunchica Dimitrijoska (2017), “Legal and Institutional Functionality in the Protection of Women – Victims of Domestic Violence in the Republic of Macedonia – Present Situation and Future Perspectives”, European Journal of Social Sciences Education and Research, Vol.10 Nr. 2, p.137

69 DIRECTIVE 2011/99/EU за Европската наредба за заштита достапна на интернет: *https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32011L0099&from=EN*

70 Council of Europe, *https://rm.coe.int/grevioinf-2018-9/16808c1a4e*

Оттука може да се заклучи дека македонската правна рамка, демнењето главно го третира преку призмата на домашно и семејно насилство, со цел да обезбеди заштита за жртвите и да се спречи понатамошно насилство кон нив. Сепак, поради сериозноста на оваа форма на родово засновано насилство, имајќи предвид дека предизвикува страв и вознемиреност кај жртвите, Кривичниот законик е должен да го реши ова прашање и да го казни овој акт. Според една студија спроведена во Европската Унија, демнењето непропорционално влијае повеќе врз жени отколку мажи, што значи дека во најголем број на случаи жртвите се жени, а сторителите се мажи. И покрај тоа, студијата сепак покажа дека половина од земјите сè уште немаат воведено одредби за регулирање на ова прашање.

Во С. Македонија, едно истражување од 2012 на Реактор, истражување во акција во коешто се разгледува степенот и различните димензии на насилството врз жените во јавниот простор, фокусирајќи се првенствено на перцепциите на жените за нивната безбедност и влијанието што го има врз нивните животи, како и облиците на насилство кои тие ги доживуваат на јавни места, покажува дека висок процент од 61,3% од жените се зјапани на јавни места, 53,9% од жените доживуваат да бидат викани со етикети и стереотипни имиња, 46,9% добиваат сексистички коментари за изгледот додека 33,3% се следени/демнети[71]. Според ова, потребно е да се преземат понатамошни чекори за да се осигури дека демнењето ќе се третира како форма на родово засновано насилство. Регулирањето на елементи од демнењето со член 144 од Кривичниот законик на РМ[72] не е доволно. Загрозување на сигурноста како кривично дело во ставот 1 ги инкриминира дејствијата на загрозување на сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице, а во ставот 2 се казнува тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство. Сепак, вака дефинирано делото не ја препознава родовата димензија ниту генезата на кривичното дело произлегува од родовите стереотипи и родовата нееднаквост помеѓу мажите и жените. Исто така, одредбата од член 144 се однесува на телесниот интегритет, додека одредбата на Истанбулската конвенција се однесува на психолошката состојба на страв. Заради тоа треба или Кривичниот законик да го доуреди ова кривично дело за да биде родово одговорно или да го инкриминира демнењето како ново кривично дело со одредби преку

71 Реактор истражување во акција, (2012), Истражување на опсегот на родово заснованото насилство на јавни места во Град Скопје

72 кривичното дело „Загрозување на сигурноста“

кои ќе бидат предвидени и санкции за сторителите, а истовремено ќе се обезбеди заштита за жртвите.

## *3.4 Сексуално вознемирување (чл. 40)*

Сексуалното вознемирување е регулирано со членот 40 од Истанбулската конвенција, во која земјите се повикуваат „да ги преземат сите неопходни законодавни или други мерки за криминализирање на каква било форма на вербален, невербален или физички напад од сексуална природа со цел нарушувајќи го достоинството на некое лице, особено при создавање заплашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива околина“.

Дефиницијата на сексуално вознемирување предвидена во чл. 7, ст. 2[73] од Законот за заштита од дискриминација[74]. Според законските одредби, секое лице кое смета дека врз него е извршена дискриминација може да поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, која постапува во согласност со своите законски надлежности. Законот за спречување и заштита од дискриминација содржи прекршочни одредби за кршење на одредбите на Законот и предвидува глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност. Покрај предвидената глоба за повикување, поттикнување и помагање дискриминаторски постапувања за физички и за правни лица, посебно се предвидува глоба за прекршување на одредбите од член 7 (сексуално вознемирување)[75]

Сексуалното вознемирување на работното место исто така се смета за форма на дискриминација, па затоа многу национални правни

[73] (1) Вознемирувањето и понижувачкото постапување претставува повреда на достоинството на лице или нагрупа лица кое произлегува од дискриминаторска основа и кое има цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. (2) Сексуално вознемирување е несакано однесување од полов карактер, кое се изразува физички, вербално или на кој било друг начин, а има цел или последица повреда на достоинството на едно лице, особено кога се создава непријателска, заканувачка, деградирачка или понижувачка средина

[74] Законот за заштита од дискриминација, Службен весник на РМ бр50/2010, достапен на *http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/diskriminacija_konsolidiran.pdf*

[75] Стојанка Мирчева, Богданчо Гогов: Анализа на усогласеноста на законодавството на Република Северна Македонија со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство: (Истанбулска конвенција) : базична студија - Скопје 2013 : Сојуз на организации на жените на Република Македонија

системи го регулираат во рамките на граѓанското или трудовото право. Затоа, Истанбулската конвенција дозволува дискреција во справувањето со сексуалното вознемирување преку националното кривично право, административното право или други правни санкции.

Со оглед на фактот дека сексуалното вознемирување може да се појави на многу места, како што се училиштата, работните места, болниците, јавните простори итн. потребни се законски инструменти кои го надминуваат Законот за работни односи. Тоа е една од причините зошто многу меѓународни тела ги препорачуваат и кривичните и не кривичните инструменти со цел да обезбедат заштита на потенцијалните жртви со соодветни законски санкции.

Сексуалното вознемирување е дефинирано и регулирано со Законот за заштита од вознемирување на работното место (мобинг)[76] кој стапи на сила на 31.5.2013. Како што е наведено во членот 2 од Законот, целта е да се спречи и заштити секое лице од психичко и сексуално вознемирување на работното место и да се обезбеди здрава работна средина.

Членот 4 понатаму наведува дека со овој Закон се забранети сите видови вознемирувања на работно место. Потоа, во членот 5 став 2 го дефинира сексуалното вознемирување како секој вербален, невербален или физички напад врз сексуалната природа со цел деградирање на достоинството на работникот, кое создава чувство на заплашување, непријателство, понижување.

Понатаму, Законот во подоцнежните ставови ги дефинира сторителите на кривично дело, работното место и дава детално објаснување за тоа што се смета за психолошко или сексуално вознемирување. Во Глава III, Законот ги утврдува правата, обврските и одговорностите на вработените, додека поглавјето IV дава опис на постапките и заштитата кај работодавачите.

Што се однесува до санкциите за кршење на правата на вработените во однос на сексуалното вознемирување, Законот предвидува финансиски казни за сторителите кои можат да варираат од 1.000 до 6.000 евра.

[76] Законот за вознемирување на работното место, Службен весник на РМ бр. 79/2013 и 147/2015, достапен на *http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/trud_2017/pravilnici/16„11-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%97%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%92%D0%BE%D0%B7%D0%A0%D0%B0%D0%B1%D0%9C%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%BE.pdf*

Сексуалното вознемирување е дефинирано и регулирано со Законот за заштита од вознемирување на работното место, заедно со психичкото малтретирање (мобинг). Сепак, повеќе се заснова на дискриминација отколку во форма на родово засновано насилство. Во овој поглед, сексуалното вознемирување не е криминализирано, така што тоа не е во согласност со Истанбулската конвенција. Досега санкциите вклучуваат финансиски парични казни за сторителите и работодавците ако не успеат да ги спречат или заштитат вработените од сторителите. Сепак, кривичното законодавство за сексуално вознемирување не треба да ги исклучи постојните санкции, туку да ги надополни.

Добар пример за воведување на сексуално вознемирување во Кривичниот законик е Франција, каде што во членовите 222, 223 тој чин се дефинира како постојано наметнување со зборови или дејствија кои се во сексуална конотација и/или влијаат на достоинството на личноста кон која се упатени од деградирачка и понижувачка природа или го ставаат во застрашувачка, непријателска ситуација.

С. Македонија треба да го воведе сексуалното вознемирување како кривично дело во Кривичниот законик и да дефинира соодветни санкции за сторителите. Казнената одговорност за сексуално вознемирување треба да добие нов квалитет со дефинирање на насилството врз жените.[77]

## *3.5 Присилни бракови (чл. 37)*

Членот 37 од Истанбулската конвенција бара да се криминализираат присилните бракови што вклучуваат: а) принудување на полнолетен човек или дете да стапи во брак и б) да го принуди полнолетниот или детето на територијата или државата различна од онаа во која живее за да стапи во брак. Во Извештај за објаснување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и ставовите 195, 196 и 197 се наведува дека криминализацијата на овие дела ќе се оценува врз основа на согласност на жртвата, односно жртвата треба недвосмислено и експлицитно да се согласи со бракот без никаква физичка, психолошка или друга форма на сила или принуда. Што значи, согласноста е значаен елемент на две дела: силување и присилен брак. Кривично дело исто така е „намамување“

[77] Трпе Стојановски и Искра Андреева , *Оцена за влијанието на меѓународниот договор врз домашното законодавство,* интерен документ

на лице во странство со цел остварување брак, без да се земе предвид како бракот се случил, дали навистина се случил.

Барањата од Истанбулската конвенција се фокусираат на раниот/детски брак и воспоставуваат врска помеѓу вториот и принудните бракови, како и криминализирање на таквите дела. За целите на Конвенцијата и според Конвенцијата на ОН за правата на детето, деца се сметаат лицата на возраст под 18 години.

Покрај тоа, државата треба да обезбеди соодветни мерки во согласност со законот со кој се регулираат браковите, како што се: регистри за бракови, развод, старателство над деца и имунитетни прашања. Според членот 33 од Конвенцијата, на жртвите треба да им биде овозможено да ги прекинат присилните бракови без никаков финансиски и административен товар.

Детските браковите во С. Македонија не се автономно регулирани со Кривичниот законик. Еден аспект на кривичното дело што е криминализиран со членот 37 од Истанбулската конвенција е што присилените бракови се како дел од трговијата со луѓе и трговијата со деца, како и последиците од браковите од тој деликт. Овие дела се криминализирани со членот 418-а[78], а Законот предвидува затвор најмалку од 4 години за сторителите, а за сторителите во трговијата со деца најмалку 8 години. Иако битието на делото е регулирано, сепак неговиот ограничен обем само во случај на трговија со луѓе и трговија со деца ја прави усогласеноста со Истанбулска конвенција делумна. Во исто време, чл. 6[79] од кривичниот законик делумно го ин-

[78] (1) Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.
(5) Согласноста на жртвата на трговија со луѓе заради намера за експлоатација предвидена во став 1 не е од значење за постоењето на кривичното дело од став 1 .

[79] Член 6-а (1) Кривичниот законик не се применува кон дете кое во време на извршување на делото кое со закон е предвидено како кривично дело не наполнило четиринаесет години. (2) Кон малолетници и помлади полнолетни лица за кривични дела предвидени со закон или со меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија се применуваат одредбите на овој законик, ако со закон поинаку не е предвидено.

криминира малолетничкиот брак со тоа што овозможува примена на Конвенцијата и врз малолетни лица. Сепак, она што КЗ не овозможува е да го инкриминира намерното намамување на возрасен или дете на територијата на земјата или во друга земја со цел да се принудат возрасен или дете да стапат во брак.

Затоа присилните бракови и браковите со деца во С. Македонија треба да се регулираат со засебни одредби од Кривичниот законик, како што се бара од Истанбулската конвенција и нејзиниот член 37. И Акциониот план за имплементација на Истанбулската конвенција го предвидува ова. За таа цел постојат различни пристапи во светот за тоа како да се справи со ова прашање. Добрата практика што може да се следи е норвешкиот Кривичен законик[80], кој го дефинира кривичното дело на присилни бракови како „Секое лице кое со сила, лишување од слобода, несоодветен притисок или друго незаконско однесување или со закани од такво однесување го присилува секој да влезе во брак, ќе биде виновен за предизвикување присилен брак "[81].

Друга опција за справување со присилен брак е да се криминализира секое дело во кое се применува сила или се користат закани кои ќе предизвикаат страв и страдање кај друго лице, а се ефектуираат со склучување брак. Исто така, целосна забрана на брак на малолетни лица или со малолетни лица. Ова е случај со германското кривично право, кое го третира присилниот брак како сериозно кривично дело.

## *3.6 Осакатување на женските гениталии (чл. 38)*

Осакатувањето на женските гениталии (ОЖГ) е криминализирано согласно членот 38 од Истанбулската конвенција. Конвенцијата налага дека земјите треба да ги преземат сите неопходни законодавни или други мерки за да заштитат и да спречат секое лице да сече, кастрира или да изврши какво било осакатување на целата вагина или на кој било дел од малите или големите вагинални усни или клиторис. Понатаму, како друг составен елемент на кривичното дело ќе биде разгледано дејствието на присилба на жена да се подложи на некое од дејствијата наведени во првиот став. Следниот елемент на кривичното дело се смета поттикнувањето или присилување на девојка да се подложи на некое од дејствијата наведени во став (а).

---

[80] Казнен законик на Норвешка, достапен на *https://lovdata.no/dokument/NLE/lov/2005-05-20-28/*#**

[81] Секција 253 од Казнениот законик на Норвешка достапен на *https://lovdata.no/dokument/NLE/lov/2005-05-20-28/*#**

Меѓутоа, треба да се истакне дека иако овие кривични дела веќе се криминализирани како злосторства против лица како телесна повреда или тортура, со оглед на насилната, инвазивна и болна природа на кривичното дело со нивното вклучување во Истанбулската конвенција, намерата е да се покрие аспектот на родовото насилство, односно дека насилството се случува заради нерамноправните односи меѓу мажите и жените. На жртвите им се даваат законски мерки за борба против принуда, коишто можат да се применат и против принудата од родители, баби и дедовци или други роднини кои ги принудуваат своите ќерки или други женски роднини да се подложат на постапката.

Казненото осакатување на женските гениталии не е регулирано со македонскиот Кривичен законик, како што е предвидено со членот 38 од Истанбулската конвенција. Еден аспект што е опфатен со Кривичниот закон се одредбите од членовите 130[82] и 131[83], кои ги казнуваат телесната повреда и тешката телесна повреда. Како што може да се види од Кривичниот законик, ниту во еден став од двата члена кои регулираат телесна повреда експлицитно не е споменат ниеден женски дел од телото кој ќе му даде родова базирана димензија на кривичното дело. Сепак, со оглед на сериозноста на актот, кој може да има потенцијално здравствено оштетување на животите на жените и девојките, треба да се дефинира експлицитно како кривично дело.

[82] (1) Тој што друг телесно ќе го повреди или ќе му го наруши здравјето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години. (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години. (3) Судот може на сторителот на делото од став 1 да му изрече судска опомена ако бил предизвикан со особено навредливо или грубо однесување на оштетениот. (4) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба, а за ставот 2 по предлог

[83] . (1) Тој што друг тешко телесно ќе го повреди или здравјето тешко ќе му го наруши, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство, ќе се казни со затвор од една до пет години. (3) Тој што друг тешко телесно ќе го повреди или здравјето тешко ќе му го наруши и поради тоа ќе биде доведен во опасност животот на повредениот или ќе му биде уништен или трајно и во значителна мера ослабен некој важен дел од телото или некој важен орган или ќе биде предизвикана трајна неспособност за работа воопшто или за работата за која е оспособен или трајно и тешко ќе му биде нарушено неговото здравје или ќе биде нагрден, ќе се казни со затвор од една до десет години. (4) Ако поради тешката телесна повреда од ставовите 1 до 3 повредениот ќе умре, сторителот ќе се казни со затвор најмалку една година. (5) Тој што делото од ставовите 1 и 2 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години. (6) Тој што делото ќе го стори на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на повредениот, ќе се казни за делото од ставовите 1 и 2 со парична казна или со затвор до три години, а за делото од ставовите 3 и 4 со затвор од една до пет години.

Осакатувањето на женските гениталии е дел од традиционална процедура на обрежување во некои делови на светот. Иако во земјата не се негуваат вакви традиции со оглед на глобализацијата и миграциите (движењето на луѓето), ваква процедура може да се случи и на територија на земјата. Затоа е потребно да биде криминализирано делото на територија на сите земји потписнички за да се придонесе кон искоренување на ваквата пракса. Освен тоа, С. Македонија треба да воведе мерки за покривање на специфичните отежнувачки околности на ова однесување, кои би можеле да се искористат за ефикасно гонење под кривично дело физичко насилство, како и криминализирање на аспектот на принуда утврден со ставот в од член 38.

## *3.7 Неприфатливо оправдување на злосторствата, вклучувајќи ги и злосторствата извршени во име на таканаречената „чест“ (чл. 42)*

Членот 42 од Истанбулската конвенција ги обврзува државите да ги преземат сите неопходни мерки за да обезбедат дека културата, традицијата, религијата, обичаите или таканаречената „чест“ не се сметаат за оправдување за некој акт на насилство опфатен со обемот на Конвенција. Ова значи дека од страните се бара да обезбедат дека казненото право и кривично-процесното право не дозволуваат обвинетиот да ги оправдува неговите дела како сторени со цел да одржи културни, верски, социјални или традиционални норми или обичаи. Во рамките на членот 42, исто така, се регулира дека не се оправдани злосторствата (убиство, силување и други) кои настанале со губење на самоконтролата (поради љубомора, злоупотреба на супстанции или други). Во врска со ова, државите членки, исто така, треба да ги спречат овие елементи да сочинуваат конкретни олеснувачки околности што ќе доведат до намалување на санкциите. Според одредбите на македонскиот Кривичен законик, културата, обичаите, традициите или честа не обезбедуваат цврста основа за оправдување на злосторствата. Во исклучителни случаи, овие олеснителни фактори можат да се земат предвид само во случаите кога кривичното дело има незначително влијание врз материјалната или финансиската загуба или степенот на кривичното дело е многу мал процент и санкциите се помали од 3 години затвор. Сепак, општо земено, македонскиот Кривичен законик не вклучува оправдување врз основа на т.н. чест, верски вредности.

Во вториот став, член 42 ги уредува злосторствата извршени од дете во чест на името. Така, одредбата строго забранува оправдување на кривични дела во ситуација кога сторителот е на возраст под кривична одговорност, кога тоа го поттикнува друго лице или член на семејството да го изврши кривичното дело. Член 6 на Кривичниот законик ги ослободува малолетните лица од одговорност, но вториот став на членот[84] овозможува примена на Конвенцијата и врз малолетни лица. Освен тоа, С. Македонија треба да воведе мерки за покривање на специфичните отежнувачки околности на ова однесување, кои би можеле да се искористат за ефикасно гонење под кривично дело физичко насилство.

[84] Член 6-а (1) Кривичниот законик не се применува кон дете кое во време на извршување на делото кое со закон е предвидено како кривично дело не наполнило четиринаесет години. (2) Кон малолетници и помлади полнолетни лица за кривични дела предвидени со закон или со меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија се применуваат одредбите на овој законик, ако со закон поинаку не е предвидено.

# 4

## Отежнувачки околности и застареност

Конвенцијата во чл. 46 бара да се предвидат посебни **отежнувачки околности** при одмерување на казната за овие дела. Притоа овие околности треба да бидат дел од кривичните дела или да се предвидат во друг дел на законодавството:

- ✓ делото било извршено кон поранешен или сегашен сопружник или партнер признаени од внатрешно право, од член на семејство, лице кое живее со жртвата или лице кое го злоупотребило својот авторитет;
- ✓ делото или сродните дела се повториле;
- ✓ делото било извршено врз поединец кој бил ранлив поради конкретни околности,
- ✓ делото било извршено врз или во присуство на дете;
- ✓ делото бил извршено од двајца или повеќе луѓе што постапувале заедно;
- ✓ на делото му претходело или било придружено со екстремно ниво на насилство;
- ✓ делото било извршено со употреба или закана од оружје;
- ✓ делото резултирало во тешка физичка или психичка штета за жртвата;
- ✓ сторителот претходно бил осудуван за дела од слична природа.

Во членот 39 од Кривичниот законик се содржани општи правила за одмерување на казната. Притоа законот не ги диференцира олеснувачките од отежнувачките околности, туку на судот му ја препушта таквата оценка. Општата одредба за одмерување на казната од став 2[85] на овој член го обврзува судот да ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или поголема (олеснувачки и отеж-

[85] степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината на загрозувањето или повредата на заштитното добро, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по стореното кривично дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот.

нувачки околности). Исто така, при одмерување на казната, влијание има: дали поранешното дело е од ист вид како и новото дело, дали делата се сторени од исти побуди и колку време поминало од поранешната осуда, односно од издржаната или простената казна, дали кривичното дело е сторено против лице или група лица или имот, непосредно или посредно, поради неговото или нивното национално и социјално потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба, полот, расата или бојата на кожата; имотната состојба на сторителот, притоа водејќи сметка за неговите други приходи, за неговиот имот и за неговите семејни обврски.

И покрај тоа што овие одредби имплицитно кореспондираат со тие од Конвенцијата, сепак е потребно да се разгледа можноста за нивно целосно вградување и хармонизирање во законодавството на Република Северна Македонија со Конвенцијата[86].

Членот 58[87] на Истанбулската конвенција уредува обврска на земјите потписнички да утврдат доволно долго и сразмерно на тежината на кривичното дело период на застареност на делата. Македонското казнено законодавство препознава **застарување на гонењето** и **застарување на извршување** на кривичната санкција. Роковите за застареност, текот и прекинот на застарувањето и незастарливост се уредени со членовите 107, 108 и 112 од КЗ. Апсолутна застареност за гонење на сите кривични дела за кои е дозволена застареност постои откако ќе помине „двапати повеќе време отколку што според законот се бара за застареност на кривичното гонење“ (чл. 107, ст. 6 од КЗ). „Роковите на застареност не гарантираат по наполнети 18 години, децата кои биле жртви на сексуално насилство за секое од кривичните дела да покренат гонење.“[88] Дополнително во член 112 од КЗ е предвидена можност за незастарување на кривичното гонење, доколку тоа е предвидено со меѓународен договор кој е ратификуван.

[86] Трпе Стојановски и Искра Андреева , *Оцена за влијанието на меѓународниот договор врз домашното законодавство,* интерен документ

[87] Страните ги преземаат потребните законодавни и други мерки за да обезбедат дека застарувањето за покренување каква било правна постапка во врска со кривичните дела утврдени со членовите 36,37,38 и 39 од оваа Конвенција да трае доволно долго и сразмерно на тежината на кривичното дело кое е во прашање за да овозможи ефикасно отпочнување/покренување на постапката откако жртвата станала полнолетна.

[88] Стојанка Мирчева, Богданчо Гогов: Анализа на усогласеноста на законодавството на Република Северна Македонија со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство: (Истанбулска конвенција) : базична студија - Скопје 2013 : Сојуз на организации на жените на Република Македонија.

5

## *Привремени мерки за заштита на жртвите од родово основано и семејно насилство*[89]

Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[90] предвидува изречување привремени мерки за заштита на сторителот на семејното насилство заради запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и преземање ефикасни мерки кон сторителот на насилството, како и заради елиминирање на причините за вршење на натамошно семејно насилството[91]. Привремената мерка за заштита може да трае најмалку три месеца, а најмногу до една година. Доколку семејното насилство продолжи по истекот на периодот за кој е изречена во рамките на рокот од една година од став 1 на овој член, жртвата или центарот за социјална работа можат да поднесат барање за продолжување на мерката/ите. По истекот на една година од изречената привремена мерка за заштита во случај кога семејното насилство повторно ќе се случи, жртвата или центарот за социјална работа доставува нов предлог до судот.

[89] Овој дел е подготвен во соработка со г-н Стојан Михов, поранешен судија во Основен суд-Штип, презентиран во рамките на стручната дебата одржана на ден 09.4.2019 год. во хотел Александар 2 – Скопје

[90] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Службен весник на РМ бр.??

[91] забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство; забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно; забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството; отстранување од домот без оглед на сопственоста; забрана да поседува огнено или друго оружје или тоа да му биде одземено; задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството; задолжително законско издржување на семејството; задолжително да посетува соодветно советувалиште; задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување; задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство; и изрекување на која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.

Доколку се оцени дека таа ја постигнала целта, жртвата или центарот за социјална работа можат да поднесат предлог до надлежниот суд за укинување на изречената привремена мерка заради која е изречена. Жртвата или Центарот за социјална работа можат да поднесат предлог за измена на изречената привремена мерка за заштита или за нејзино продолжување доколку изречената мерка не обезбедила соодветна заштита на жртвата или настанале изменети околности.

Во постапките во кои судот одлучува за привремени мерки за заштита се применуваат одредбите на Законот за парнична постапка ако со овој Закон не е поинаку определено. Во одлуката со која е изречена привремената мерка/ки за заштита, судот ќе го задолжи сторителот на семејно насилство да ја почитува судската одлука. Жалбата против одлука на основниот суд за изречена привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот или привремена мерка/ки за заштита - може да се изјави во рок од три дена од денот на приемот на одлуката. Жалбата изјавена против одлуката на судот не го задржува нејзиното извршување.

Министерството за внатрешни работи ја извршува изречената привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот и привремената мерка забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство; забрана да малтретира, да вознемирува, да телефонира, да контактира или на друг начин да комуницира со член на семејството, директно или индиректно; забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството; отстранување од домот без оглед на сопственоста, забрана да поседува огнено или друго оружје или тоа да му биде одземено.

Министерството за здравство ја извршува изречената мерка за заштита - задолжително лекување на сторителот доколку злоупотребува алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување.

Извршувањето на изречените привремени мерки за заштита - задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството; задолжително законско издржување на семејството задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство и изрекување на која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се спроведува согласно со закон.

Советувалиштето за сторители на семејно насилство ја извршува изречената привремена мерка за заштита - задолжително да посетува соодветно советувалиште.

Овие одредби се во согласност со членот 18 на Истанбулската конвенција, но со оглед на криминализацијата на делата на родово засновано насилство преку нивно регулирање во Кривичниот законик освен што мерките за заштита на жртвите треба да се уредат во lex specijalis за родово засновано насилство, тие треба да имаат правна основа и во Кривичниот законик. Истанбулската конвенција во оваа смисла ги обврзува земјите „да ги преземаат потребните законодавни или други мерки... при заштитата и поддршката на жртвите и сведоците на сите форми на насилство опфатени со Конвенцијата".

Експертите утврдуваат дека мерките за привремена заштита се поефективни ако се има кривична одговорност за нивното непочитување. Имено, судската пракса покажува дека во случаите во кои не се почитува заштитна мерка изречена со судска одлука, судот одредува казна по правна основа чл. 377 ст. 5 од Кривичниот законик, односно за кривичното дело „неизвршување на судска одлука". Во еден од анализираните случаи, казната е одредена на три (3) години, врз основа на Правилникот за одмерување на казните.[92] Во овој случај пресудата на Основниот суд е потврдена со пресуда на Апелациониот суд, со образложение дека првостепениот суд при донесувањето на пресудата нема сторено ниту една суштествена повреда, правилно ја утврдил фактичката состојба и правилно го применил КЗ и правилно ја одмерил казната за стореното кривично дело. Во конкретниот случај, судот непостапувањето по заштитната мерка го зел како отежнувачка околност при одмерување на казната кон обвинетиот. Дополнително судот го имал предвид степенот на кривичната одговорност на обвинетиот при сторување на кривичното дело дека кривичното дело било сторено без повод и причина, дека тој досега е осудуван во повеќе наврати за сторени кривични дела од сличен вид, за што има издржувано и казни затвор, како и тоа дека кривичното дело е извршено во присуство на деца. Во вториот анализиран случај на истата правна основа (чл. 377, ст. 5), судот го прифатил предлогот на надлежното јавно обвинителство за донесување пресуда за издавање

[92] На пример: во случајот обвинетиот иако бил задолжен да постапува со правосилна судска одлука, донесена во постапка за издавање на наредба за заштита на права ВПП2 бр.9/14 14.07.2014 година, на Основен суд, со која му е изречена „забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство" од чл. 35 ст. 1 т. 1 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство не постапил по неа.

казнен налог, донел таква пресуда и кон обвинетиот за стореното кривично дело изрекол условна осуда, со тоа што на обвинетиот за стореното кривично дело му утврдил казна затвор во траење 2 (две) години чиешто извршување е одложено условно во рок од две години доколку обвинетиот не стори кривично дело. Притоа експертите оценуваат дека судот при донесување на пресуди за издаден казнен налог „треба да постапува со зголемено внимание бидејќи жртвата на семејно насилство од насилството што е извршено врз жртвата може да има долгорочни трауми и без проверка на судот априори да се донесуват вакви пресуди, а да не се слушне гласот на жртвата, не треба да се практикува. Постапката за изрекување на пресуда со која се изрекува казнен налог за сторители кои извршиле семејно насилство сметаме дека не треба да се практикува”[93].

# Заклучоци

Истанбулската конвенција има цел да ги заштити жените и да ги елиминира сите форми на насилство и дискриминација за промовирање на еднаквоста меѓу мажите и жените, како и зајакнување на жените. Кривичниот законик треба да го третира прашањето на дискриминација и нееднаквост заедно со прашањето на насилството врз жените со пропишување нови кривични дела и спроведување на кривичните одредби предвидени со Конвенцијата. Во моментов Кривичниот законик на Република Северна Македонија го криминализира само силувањето (и тоа делумно, не во сиот обем како што предвидува Конвенцијата). Останатите форми на насилство врз жените регулирани со членовите 33, 34, 35, 36, 37, 38 и 39 на Истанбулска конвенција не се експлицитно регулирани со Кривичниот законик. Некои од овие форми на насилство се регулирани делумно со КЗ или со други закони.

Кривичниот законик е родово неутрален во однос на јазикот кој го користи (дури користи и машка деноминација на именките како неутрална и е важечка за сите), но и во однос на препознавање на родовата нееднаквост, родовите улоги и стереотипи како причина за кривичните дела кои се регулирани со Конвенцијата. Потоа македонскиот Кривичен законик го штити само телесниот интегритет и животот на жртвите, но не и психичкиот интегритет. Оттука не го познава кривичното дело психичко насилство како засебно, ниту во сексуалното насилство, силувањето и демнењето, ниту ги регулира

[93] г-н Стојан Михов, поранешен судија во Основен суд-Штип, дискусија во рамките на стручната дебата одржана на ден 09.04.2019 год. во хотел Александар 2 – Скопје

елементите на предизвикување на страв и вознемиреност. Ваквиот пристап достигнува кулминација при дефинирање на силувањето каде што клучниот елемент е примената на телесна сила, а не отсуството на волја и согласност за сексуален однос. Оттука промената на парадигмата која сака да се постави со Истанбулската конвенција бара длабинска измена во концептот на дефинирањето на кривичните дела во македонското законодавство.

Регулирањето на делата кои ги дефинира Истанбулската конвенција за засебни со Кривичниот законик ќе овозможи имплементација на Конвенцијата и во однос на собирањето на податоци затоа што собирањето на податоците од страна на МВР и судските органи е според член од Кривичен законик, а не според став (семејното насилство како квалификаторен елемент на неколку кривични дела секогаш се споменува во втор став, што оневозможува собирање на податоци).

6

# Препораки

## 6.1 Инструмент за ратификација на Истанбулска конвенција

- ✓ Владата на Република Северна Македонија да ја напушти резервата на членот 55 од Конвенцијата.

## 6.2 Дефинирање на основни поими од Истанбулската конвенција

- ✓ Да се прошири опсегот на Законот за спречување и заштита од семејното насилство или да се замени со нов закон кој ќе ги регулира сите форми на родово базирано насилство.
- ✓ Кривичниот законик да ги дефинира сите форми на насилство врз жените како кривично дело, но истовремено да го дефинира и поимот род, да го ревидира јазикот од родово неутрален во родово одговорен и да ги препознае жените како субјекти, но и жртви на насилно однесување.
- ✓ Да се дефинира родово засновано насилство и насилство врз жените во Глава тринаесетта - значење на изразите на овој Законик - Член 122, со замена на дефиницијата за семејно насилство; Да се дефинира род во Глава тринаесетта - значење на изразите на овој Законик - Член 122
- ✓ Да се дополни дефиницијата за жртва со цел препознавање на жената како жртва на родово засновано насилство во Глава тринаесетта - значење на изразите на овој Законик - Член 122
- ✓ Во Кривичниот законик да се замени употребата на „семејното насилство“ со „родово засновано и домашно насилство“ како дополнителен фактор за потребите на казнување доколку се случило истовремено со друго кривично дело, како на пример: убиство (член 123); убиство на миг (член 125); телесна повреда (член 130); тешка телесна повреда (член 131); присилба (член

139); бесправно лишување од слобода (член 140); загрозување на безбедноста (член 144); полов напад врз дете кое не наполнило 14 години (член 188) и посредување во вршење на проституција (член 191).

- ✓ Организирање обуки за засегнатите страни во процесот (социјални работници, полицајци/жени, адвокати, граѓански организации, судии итн.)

## *6.3 Криминализирање на сите форми на насилство врз жени*

За да може да се операционализира препораката, потребно е:

- ✓ Ревизија на Кривичниот законик заради употреба на родово сензитивен речник наспроти родово неутралниот кој моментално се употребува.
- ✓ Ревизија на Кривичниот законик заради вметнување на родовата перспектива во него, гарантирање дека родовите димензии се земени предвид во дефинирањето на кривичните дела и постапките за спроведување на овој Закон.
- ✓ Измени во Кривичниот законик (член 186) со цел дефиницијата за силување и други сексуални злосторства да се заснова на недостаток на согласност и воедно да се покријат сите форми на неконсензуална пенетрација (вагинална, анална или орална пенетрација на телото), вклучувајќи телесни делови или предмети и да вклучува силување во брак.
- ✓ Измена на Кривичен законик со цел дефинирање на психичко насилство.
- ✓ Да се доуреди чл. 144 – загрозување на безбедноста да се однесува на телесниот интегритет и на психолошката состојба на страв или да се инкриминира демнење како ново кривично дело со одредби преку кои ќе бидат предвидени и санкции за сторителите, а истовремено ќе се обезбеди заштита за жртвите.
- ✓ Да се регулира сексуалното вознемирување како кривично дело во Кривичниот законик и да се дефинираат соодветни санкции за сторителите.

- ✓ Доуредување на чл.18-а - да го инкриминира намерното намамување на возрасен или дете на територијата на земјата или во друга земја со цел да се принудат возрасен или дете да стапат во брак.
- ✓ Да се регулира целосна забрана на брак на малолетни лица или со малолетни лица.
- ✓ Доуредување на чл. 130 и 131 со експлицитно регулирање на осакатување на женски гениталии и предвидување законски мерки за борба против принуда за спроведување на процедурата за осакатување на женските гениталии.
- ✓ Целосно вградување и хармонизирање на законодавството на Република Северна Македонија со Конвенцијата во однос на отежнувачки околности при одмерување на казната за делата регулирани со Конвенцијата.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

364.63-055.2:343.3/.7(497.7)(094.5)
364.63-055.2:341.24(560.118)

РИСТЕСКА, Марија
Анализа на потребите од усогласување на кривичниот законик со Истанбулската конвенција во Република Северна Македонија / автори Марија Ристеска, Александар Цеков. - Скопје : Центар за истражување и креирање политики, 2019. - 57 стр. ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4586-63-0
1. Цеков, Александар [автор]
а) Насилство врз жени - Кривичен законик - Истанбулска конвенција - Усогласување - Македонија
COBISS.MK-ID 110577162



